СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ И РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: 10.11.2026 година

Број: 0035
10.11.2019 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР
Горан Сугарески

Друштво за урбанизам,проектирање и инжинеринг ТЕКТОН ДООЕЛ
Бр. 0302/353
30.05. 20 22 год
СКОПЈЕ

Врз основа на Законот за Урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 225/20,219/21 и 104/22), а во врска со изработка на Планска програма за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани - општина Штип , Друштвото за планирање, проектирање и инженеринг "ТЕКТОН" дооел - Скопје, го издава следното:

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕР

За изработка на Предлог Планска програма за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани - општина Штип**,** со технички број 353/22, како извршител се назначува:

Мила Искреновиќ, дипломиран инженер архитект
овластен планер 0086

Александар Ѓоргиев дипломиран инженер архитект

Планерот е должен Предлог Планска програма да ја изработи согласно Законот за Урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 225/20, 219/21, 104/22), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

УПРАВИТЕЛ
Мила Искреновиќ, диа

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

МИЛА ИСКРЕНОВИЌ

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0086**

Издадено на: 10.07.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

ОСНОВАЧ НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА
ВЛАДА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

БРОЈ И ДАТУМ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА, ИЗДАДЕНО ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УРЕДБА БР. 4348 ОД 17.11.1950 ГОДИНА

ДИПЛОМА

ЗА ЗАВРШЕНИ ИНТЕГРИРАНИ СТУДИИ ОД ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС

АЛЕКСАНДАР ЗОРАН ЃОРГИЕВ

РОДЕН НА **10.5.1994** ГОДИНА ВО **ШТИП, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**, ЗАВРШИ АКАДЕМСКИ СТУДИИ ПО **ИНТЕГРИРАНИ ПЕТГОДИШНИ СТУДИИ ОД ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС ПО АРХИТЕКТУРА**, НИВО НА КВАЛИФИКАЦИЈА **VII-А**,
СО ВКУПНО **304** ЕКТС-КРЕДИТИ И ПРОСЕЧНА ОЦЕНКА **9,17**,
И СЕ СТЕКНА СО НАЗИВ

МАГИСТЕР ИНЖЕНЕР АРХИТЕКТ (MASTER OF ARCHITECTURE).

СЕРИСКИ БРОЈ НА ДИПЛОМАТА: **10131**

БРОЈ И ДАТУМ НА ДИПЛОМАТА ОД ГЛАВНАТА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ
А-586, 7.2.2019

МЕСТО И ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ НА ДИПЛОМАТА
СКОПЈЕ, 22.5.2019

ДЕКАН

ПРОФ. Д-Р ОГНЕН МАРИНА

РЕКТОР

ПРОФ. Д-Р НИКОЛА ЈАНКУЛОВСКИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-5001/2022 од 19.04.2022 13:52:11

1105-5001/2022

ИМОТЕН ЛИСТ број: 124 ИЗВОД
Катастарска општина: ДОБРОШАНИ

ЛИСТ А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Ред. бр.	ЕМБГ / ЕМБС	Име и презиме / Назив	Адреса / Седиште	Дел на недвижност	Правен основ на запишување	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
1	0104940450179	ЧЕРЕПНАЛКОСКИ ТОДОР	ФРАНКЛИН РУЗВЕЛТ 4/6, СКОПЈЕ	1/1	Договор за физичка делба ОДУ бр.143/13 од 10.104.2013г. Нотар Мијалчо Цоневски-Штип	1113-766/2013	09.05.2013 09:18:23

ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска			Површина во м2	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право преземено при конверзија на податоците од стариот ел систем	Бр. на евид. лист	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел		култура		класа						
248	1	КАПИШЛУК	зз	н	5	271450	СОПСТВЕНОСТ			1121-3733/2014	10.11.2014 14:28:34
250		КАПИШЛУК		н	4	100683	СОПСТВЕНОСТ			1112-550/2013	16.05.2013 14:46:43

Легенда на внесени шифри и кратенки:

Шифра	Опис
зз	Плодните земјишта
н	Нива

Тип	Опис
Извод	Дел од содржината на имотниот лист за избраните парцели или згради

М.П.

Овластено лице:
Ана Дојчиновска
име и презиме, потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-5004/2022 од 19.04.2022 13:57:02

1105-5004/2022

ИМОТЕН ЛИСТ број: 1 ИЗВОД
Катастарска општина: ДОБРОШАНИ

ЛИСТ А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Ред. бр.	ЕМБГ / ЕМБС	Име и презиме / Назив	Адреса / Седиште	Дел на недвижност	Правен основ на запишување	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
1	0000000000000	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА		1/1		0 / 0	03.07.2008

ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска			Површина во м2	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право преземено при конверзија на податоците од стариот ел систем	Бр. на евид. лист	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел		култура		класа						
242		КАПИШЛУК	зз	н	6	8505	СОПСТВЕНОСТ			1121-3623/2014	31.10.2014 10:20:15
243		КАПИШЛУК		11000	6	8927		831		0 / 0	08.04.2008
246		КАПИШЛУК	зз	пс	4	402886	СОПСТВЕНОСТ			1121-3623/2014	31.10.2014 10:20:15
247		КОРИЈА		11000	6	12619		831		0 / 0	07.04.2008
249		КАПИШЛУК		11000	6	15461		831		0 / 0	09.04.2008
254		КАПИШЛУК		16000	4	13720		831		0 / 0	07.04.2008
255		КАПИШЛУК		11000	6	17664		831		0 / 0	09.04.2008
256		КАПИШЛУК	зз	н	6	11686	СОПСТВЕНОСТ			1121-3624/2014	31.10.2014 11:46:15

Легенда на внесени шифри и кратенки:

Шифра	Опис
11000	НИВА
пс	Пасишта

Тип	Опис
Извод	Дел од содржината на имотниот лист за избраните парцели или згради

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-5004/2022 од 19.04.2022 13:57:02

1105-5004/2022

ИМОТЕН ЛИСТ број: 1 ИЗВОД
Катастарска општина: ДОБРОШАНИ

Легенда на внесени шифри и кратенки:	
Шифра	Опис
831	ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ
16000	ПАСИШТЕ
зз	Плодните земјишта
н	Нива

Тип	Опис
Извод	Дел од содржината на имотниот лист за избраните парцели или згради

М.П.

Овластено лице:
Ана Дојчиновска
име и презиме, потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-6095/2022 од 15.05.2022 18:09:07

1105-6095/2022

ИМОТЕН ЛИСТ број: 4 ПРЕПИС
Катастарска општина: ДОБРОШАНИ

ЛИСТ А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Ред. бр.	ЕМБГ / ЕМБС	Име и презиме / Назив	Адреса / Седиште	Дел на недвижност	Правен основ на запишување	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
1	***	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА		1/1		0 / 0	10.04.2008

ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска			Површина во м2	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право преземено при конверзија на податоците од стариот ел систем	Бр. на евид. лист	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел		култура		класа						
108		ЈОКАРИРЕК		42200		421		831		0 / 0	10.04.2008
112		ЈОКАРИРЕК	гз	гнз		362	СОПСТВЕНОСТ			1121-3608/2014	30.10.2014 09:57:51
116		МАЧУКОВО		42200		404		831		0 / 0	10.04.2008
117		МАЧУКОВО		42200		131		831		0 / 0	10.04.2008
118		МАЧУКОВО		42200		417		831		0 / 0	10.04.2008
124		ЈОКАРИРЕК		42200		5018		831		0 / 0	10.04.2008
127		ЈОКАРИРЕК		42200		395		831		0 / 0	10.04.2008
129		МАЧУКОВО		42200		717		831		0 / 0	10.04.2008
130		МАЧУКОВО		42200		372		831		0 / 0	10.04.2008
156		ЧУКУР		42200		1766		831		0 / 0	10.04.2008
158		КРИВИДОЛ АЛТИ		42200		2705		831		0 / 0	10.04.2008
18		СЛАТИНО	гз	гнз		2901	СОПСТВЕНОСТ			1121-3612/2014	30.10.2014 12:21:32
213		АСРЛК		42200		3683		831		0 / 0	10.04.2008
217		АСРЛК	гз	гнз		7892	СОПСТВЕНОСТ			1121-3616/2014	30.10.2014 14:56:48
223		АСРЛК	гз	гнз		2879	СОПСТВЕНОСТ			1121-3617/2014	30.10.2014 15:09:18
227		АСРЛК	гз	гнз		7053	СОПСТВЕНОСТ			1121-3617/2014	30.10.2014 15:09:18
230		АСРЛК		42200		2283		831		0 / 0	10.04.2008

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-6095/2022 од 15.05.2022 18:09:07

1105-6095/2022

ИМОТЕН ЛИСТ број: 4 ПРЕПИС
Катастарска општина: ДОБРОШАНИ

ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска			Површина во м2	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право преземено при конверзија на податоците од стариот ел систем	Бр. на евид. лист	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел		култура		класа						
267		КАПИШЛУК		42200		1951		831		0 / 0	10.04.2008
28		РУСЕВА ЧЕШМА		42200		2767		831		0 / 0	10.04.2008
286		БАШЛАМИШ	гз	гнз		5731	СОПСТВЕНОСТ			1121-3628/2014	31.10.2014 12:18:02
295		КОЛИБА АЛТИ	гз	гнз		8300	СОПСТВЕНОСТ			1121-3629/2014	31.10.2014 15:46:46
350		ЧОРБАЛК	гз	гнз		10824	СОПСТВЕНОСТ			1121-3643/2014	04.11.2014 14:42:37
40		РУСЕВА ЧЕШМА	гз	гнз		1320	СОПСТВЕНОСТ			1121-3959/2014	26.11.2014 14:33:38
416		ЧАУШЕРИ		42200		11122		831		0 / 0	10.04.2008
469		ЧОРБАЛК		16000	4	148		831		0 / 0	10.04.2008
472		ЈОКАРИРЕК	гз	гнз		2626	СОПСТВЕНОСТ			1121-3652/2014	05.11.2014 10:39:42
481		БУНАРЏИК		42200		2072		831		0 / 0	10.04.2008
499		ЈАНИКИРЕК	гз	гнз		406	СОПСТВЕНОСТ			1121-3654/2014	05.11.2014 11:10:45
501		ЈАНИКИРЕК		42200		117		831		0 / 0	10.04.2008
503		ЈОКАРИРЕК		42200		409		831		0 / 0	10.04.2008
508		ЈАНИКИРЕК		42200		604		831		0 / 0	10.04.2008
513		ЈОКАРИРЕК		42200		4050		831		0 / 0	10.04.2008
517		ЈОКАРИРЕК		42200		212		831		0 / 0	10.04.2008
524		ЈАНИКИРЕК	гз	гнз		2285	СОПСТВЕНОСТ			1121-3656/2014	05.11.2014 14:38:09
528		ЈАНИКИРЕК		42200		1852		831		0 / 0	10.04.2008
537		СЕЛО		42200		1626		831		0 / 0	10.04.2008
579		КАРШИ	гз	гнз		5455	СОПСТВЕНОСТ			1121-3660/2014	05.11.2014 15:33:03
58		РУСЕВА ЧЕШМА		42200		9815		831		0 / 0	10.04.2008

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-6095/2022 од 15.05.2022 18:09:07

1105-6095/2022

ИМОТЕН ЛИСТ број: 4 ПРЕПИС
Катастарска општина: ДОБРОШАНИ

ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска			Површина во м2	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право преземено при конверзија на податоците од стариот ел систем	Бр. на евид. лист	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел		култура		класа						
587		КАРШИ	гз	гнз		4963	СОПСТВЕНОСТ			1121-3661/2014	06.11.2014 09:11:05
619		ЧОРБАЛК		16000	4	63		831		0 / 0	10.04.2008
633		БАИР АРДИ		42200		9395		831		0 / 0	10.04.2008
659		СЕЛО		42200		13211		831		0 / 0	10.04.2008
700		БАИР АРДИ	гз	гнз		2972	СОПСТВЕНОСТ			1121-3916/2014	21.11.2014 12:23:30

Легенда на внесени шифри и кратенки:

Шифра	Опис
42200	НЕКАТ.ПАТ.
831	ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ
гз	Вештачки неплодни земјишта
гнз	Градежно неизградено земјиште
16000	ПАСИШТЕ
***	СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ, ЕМБГ/ЕМБС ПРЕТСТАВУВА ЛИЧЕН ПОДАТОК И ПОРАДИ ТОА ИСТИОТ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ПРИКАЖЕ

Тип	Опис
Препис	Цела содржина од имотниот лист

М.П.

Овластено лице:
Дистрибутивен систем на АКН
име и презиме, потпис

Република Северна Македонија

Општина Штип

Број. УП 18-2481/2

15.04.2022година

До

Друштво за производство на енергија СУШЕВО 1 ДООЕЛ

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.39/15 Скопје

ПРЕДМЕТ: Известување,

Со барање бр.18-2481/1 од 13.04.2022 поднесено до Одделението за урбанизам,градежништво и заштита на животната средина барате да Ви издадеме извод од урбанистичкиот план за КП.бр.248/1,250,246,242,243,247,249,254,255,256 во КО. Доброшани,м.в. Капишлук,Општина Штип.

Ве известуваме дека за бараните КП.бр.248/1,250,246,242,243,247,249,254,255,256 во КО. Доброшани,м.в. Капишлук,Општина Штип нема урбанистичка планска документација.

Изработил,
Викторија Инџекарова

По овластување на Градоначалник,
Лазар Хаџи-Николов

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ВОВЕД

Изработка на **Планска програма** за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани - општина Штип е законска обврска по Член 30 и 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20).

Согласно Член 47 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник бр. 225/20, 219/21 и 104/22) Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење се донесува за следните градби од државно значење:

- Електрични централи со инсталирана сила од 10 мега вати и повеќе.

Изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани - општина Штип, се изработува на барање на нарачателот ДПЕ „СУШЕВО 1“ ДООЕЛ – Скопје.

Черепналкоски Тодор е сопственик на КП 248/1, КП 250, КО Доброшани (372 133м²). Тој има склучено Преддоговор за купопродажба на недвижен имот со Друштво за производство на енергија Сушево 1 ДООЕЛ , Скопје кај Нотар Никола Спасовски од Скопје (Бр. УЗП 1112/2022 на 27.05.2022) за КП 248/1 и КП 250, КО Доброшани.

Катастарските парцели 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256, КО Доброшани (491 468м²) се во сопственост на РСМ.

Катастарската парцела КП 416, КО Доброшани е со намена некатегоризиран пат. Од неа се пристапува до планскиот опфат.

Согласно Член 25 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20):

- За урбанистички план за подрачја и градби од државно значење и урбанистички план за вон населено место за сложени градби од локално значење за кои со закон е утврден јавниот интерес, што се прави за подрачја и градби што немаат градежна или урбанистичко планска историја, односно за простори кои за прв пат се уредуваат, **планската програма се изработува врз основа на студија на оправданост** што е уредена во посебен закон. Студијата на оправданост се изработува врз основа на истражувања, студии, елаборати и претпроектна документација, со кои се докажува општествената, еколошката, економската и друга оправданост на зафатот.

Согласно Член 17 став 8, 9 и 10 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник бр. 225/20, 219/21 и 104/22):

- (8) Студијата на оправданост спаѓа во претходни работи на урбанистичкото планирање и таа не е составен дел од урбанистички план, туку се предвидува во годишните програми за финансирање на урбанистички планови како подготовка за изработка на урбанистички план за оние плански опфати за коишто има потреба.
- (9) Студијата за оправданост се изработува пред **урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење** и урбанистички план за вон населено место за сложени градби од локално значење што немаат градежна или урбанистичко планска историја, по правило за инженериски градби или други големи и сложени градби од групите на класи на намени Г и Е за коишто не постојат претходни плански или проектни податоци, односно за простори кои за прв пат се уредуваат и за кои има потреба од претходни истражувања и проценки.

- (10) Студијата за оправданост се изработува за да обезбеди објективно и информирано одлучување за отпочнување на постапките за донесување на урбанистички план и урбанистички проект, од аспект на просторната, еколошката, финансиската и економската оправданост на градежниот зафат за чиешто градење е потребен урбанистичкиот план, и по правило содржи елементи од:
  - дефинирање на локацијата односно планскиот опфат,
  - општествените, економските и просторните цели на зафатот,
  - намената и начинот на употреба,
  - физибилити студија односно податоци и анализа за остварливост и исплатливост на зафатот,
  - податоци и анализа на природните и артефициелните чинители релевантни за планискиот опфат,
  - економска и развојна анализа на идното функционирање на градбата,
  - усогласеност со Просторниот план и соседните урбанистички планови,
  - можни влијанија на просторниот развој на околните подрачја или пошироко,
  - еколошки аспекти и влијанија на животната средина,
  - технички опис на зафатот, идејна проектна документација или варијантни решенија, и
  - анализа и оценка на оправданоста на зафатот, инвестицијата и урбанистичкиот план.

I.СТУДИЈА НА ОПРАВДАНОСТ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈЕ И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ

I.СТУДИЈА НА ОПРАВДАНОСТ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈЕ И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ

Основна цел на секое општество е да обезбеди здрава, хумана и фукционална средина за живеење и работа. Реализација на просторот се остварува преку реализација на урбанистички планови и урбанистичко проектни документации. За да се испланира квалитетен простор кои ќе има своја реализација треба да се анализира постојната состојба, плановите од повисок ред и да се даде предлог концепт на организација на просторот кој ќе овозможи негова реализација.

1.ДЕФИНИРАЊЕ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

Планскиот опфат се наоѓа во општина Штип во КО Доброшани,западно од градот Штип.

Пошироко опкружување



Потесно опкружување



Планскиот опфат е надвор од границите на урбанистички планови и урбанистичко плански документации за што општина Штип има издадено Известување (бр. УП 18-2481/2 од 15.04.2022). Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани - општина Штип ќе се изработи врз основа на Услови за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторен план на РМ(Тех. бр. Y27022, јули 2022) и Решение за Услови за планирање на просторот (Арх. бр. УП1-15 1361/2022 од 18.07.2022) од Министерство за животна средина и просторно планирање на РСМ.

Ажурирана геодетска подлога



Површина на планскиот опфат е 865 866м²
Граници на проектниот опфат е:

- север: КП 230
- исток: КП 228, 3, 1/1
- југ: КП 267, 248/3, 248/2, дел од КП 416, КП 258, 259, 253, 252/2, 252/1
- запад: дел од КП 416, КП 227

2.ОПШТЕСТВЕНИ, ЕКОНОМСКИ И ПРОСТОРНИ ЦЕЛИ НА ЗАФАТОТ

Цел на изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани - општина Штип е да се оформи градежна парцела за изградба на фотоволтаична централа за производство на електрична енергија што преставува стратешки потег во обезбедување на енергетска независност како и зачувување на земјиштето од загадување. Фотоволтаичните централи со својот технолошки процес на производство на електрична енергија не влијаат на загадување на човековата околина.

И покрај сериозното влијание на пандемијата на COVID-19 ширум светот во 2020 година, во истата година беше инсталирана соларна енергија од 138,2 GW, што претставува раст од 18% во споредба со 2019 година, што е уште еден глобален годишен рекорд за инсталирање на соларниот PV сектор. Ова го носи глобалниот кумулативен соларен капацитет на 773,2 GW, што претставува зголемување од 22%, и претставува нова пресвртница за соларниот сектор со надминување на три четвртини од тераватот.

Овој изненадувачки силен раст ѝ помогна на соларната енергија да ја задржи својата доминација меѓу сите новоинсталирани технологии за производство на енергија, достигнувајќи 39% глобален удел, што се преведува во импресивен факт дека повеќе од секоја трета единица на централата инсталирана во 2020 година доаѓа од соларна енергија. Во исто време, уделот на вкупното производство на сончева енергија се зголеми за 0,5 процентни поени на околу 3,1%, при што скоро 70% сè уште доаѓа од фосилни горива и нуклеарни централи, што ја нагласува потребата за брзо забрзување на соларното распоредување.

Gas: 59

Wind: 114

Во 2020 година, година кога светот претрпе тешка здравствена и економска криза, соларната енергија повторно беше технологија за генерирање енергија со највисок нето инсталиран капацитет, со 39% удел од сите нови инсталации за годината (на слика). Ова е повеќе од двојно повеќе од сите нови капацитети за фосилни горива заедно. Нуклеарната, како и енергијата од јагленот веќе не се ни појавуваат на табелата, бидејќи нивните деактивирани капацитети ги надминуваат новите инсталации.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да се базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина. Изградбата на површинска соларна и фотоволтаична електрана во КО Доброшани, општина Штип ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија). Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на проектниот опфат.

3.НАМЕНА И НАЧИН НА УПОТРЕБА

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани - општина Штип е со основна класа на намена:

Е- инфраструктура

Е 1- сообраќајна, линиска и друга инфраструктура

Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани

За потребите на фотоволтаичната централа ќе бидат планирани и објекти кој се во функција на централата и нејзино поврзување со енергетскиот систем како трафостаници, внатрешни улици...

4.ПОДАТОЦИ И АНАЛИЗА ЗА ОСТВАРЛИВОСТ И ИСПАТЛИВОСТ

Пазарот за производство на електрична енергија од сончева енергија е сé поизгледен и покрај тоа што COVID-19 кризата до одреден степен ја ограничи експанзијата, а придонес во овој поглед беше и недостаток на доволно силиконска суровина, како основна компонента во производството на соларните ќелии. Очекувањата во престојниот период врз основа на реалните движења на пазарот и очекуваното стабилизирање на COVID-19 кризата се дека ќе бидат инсталирани преку 200 GW капацитети за производство на соларна енергија на годишно ниво во периодот 2022-2025 год. Оттука, се очекува вкупното производство на сончева енергија да достигне 1 TW во 2020 и близу 1.9 TW во 2025 година, со што, согласно Извештајот за предвидливи очекувања на Меѓународна Агенција за Енергетика (IEA) се потенцира лидерството на сончевата енергија на пазарите на електрична енергија во периодот кој престои.

Придонес во овој поглед се политичките рамки и обврски кои произлегуваат од Парискиот договорот за климатски промени чии потписници се најголемиот број на земји во светот во кој јасно се поставени целите за борба против климатските промени во динамички контекст. Врз основа на обврските кои произлегуваат од овој мултилатерален договор, изградбата на фотоволтаични централи стана дел од националните стратегиии за развој на производството на електрична енергија од обновливи извори на најголемиот број на земји во светот. Особен акцент во овој поглед, пред сé во развиените земји, се става на вградување на производството на сончева и други видови на обновливи енергии во долгорочните стратешки и плански насоки на бизнис секторот.

Проекциите на релевантните институции кои ги следат движењата на енергетски план на светско ниво предвидуваат континуирано зголемување на потрошувачката на електрична енергија со оглед на преусмерување на технологиите и индустриите кои ќе се напојуваат од овој вид на енергија (автомобилската индустрија и др.). Следствено, овие проекции антиципираат и годишен пораст на цената на електричната енергија од мин. 10% на годишно ниво.

Конечно, порастот на потрошувачката на електрична енергија од обновливи видови на енергија, ќе се должи и на негативниот еколошки импакт кои го создаваат постоечките енергенси за производството на електрична енергија (фосилни и др. загадувачки ресурси), со што значително ќе порасне и потребата од изградба на фотонапонски централи.

Имајќи во предвид дека Република Северна Македонија располага со значителен природен потенцијал за производство на соларна електрична енергија, развојот на фотонапонските капацитети е не само национален интерес, туку и интерес на локалната самоуправа, бидејќи на овој начин се овозможува ефективна оптимизација на локалната енергетска инфраструра, а притоа се намалува ризикот од еколошки катастрофи. Позитивните ефекти од имплементирањето на овие стратеги се темели на ресурсите од овој вид со кои располага нашата држава, економските и енергетските заштеди кои се генерираат, како и позитивниот импакт врз заштитата на човековата околина.

Соларни ресурси и капацитети

На европската соларна мапа територијата на Република Северна Македонија покажа импресивни соларни капацитети. Анализите покажуваат дека поголемиот дел на земјата поради поволната географска положба, како и поради оптималната надморска височина (600-800 метри), е подложен на високо ниво на сончево зрачење.



Поточно, анализата на годишниот збир на глобалното зрачење на земјите од Западен Балкан покажува дека делови од територииите на Хрватска, Црна Гора, Албанија и Македонија се меѓу европските територии со најголем сончев потенцијал.



Овие заклучоци се добро прикажани во табелите, кои даваат споредба на годишното глобално зрачење и сончевата енергија генерирана годишно од 1 MWp инсталирана моќност во земји кои се лидери во Европа по инсталирани капацитети во однос на Македонија.

Годишна глобална ирадијација (kWh/m2)				
	Германија	Чешка	Шпанија	Македонија
минимум	1.074	1.115	1.365	1.482
просечна	1.147	1.169	1.812	1.623
максимум	1.445	1.267	2.028	1.722

Годишна фотоволтаична енерија (kWh/1kWp)				
	Германија	Чешка	Шпанија	Македонија
минимум	802	839	1.001	1.032
просечна	862	880	1.328	1.199
максимум	1.086	948	1.475	1.278



И конечно, анализирајќи ја територијата на Република Северна Македонија, доаѓаме до заклучок дека целата територија, поради поволната географска положба, како и за конфигурацијата и морфологијата на теренот, како висорамнините на надморска височина од 600-800 метри се погодни за поставување на фотоволтаични централи.

Состојбата во Северна Македонија и регионот

И покрај големиот потенцијал на сончева радијација со која располага Северна Македонија во поголемиот дел од територијата, со просечна вредност од 1.650 kWh/m2, искористеноста на истата со производство на електрична енергија е далеку од доволна. Првите исчекори во инсталирањето на фотонапонски системи беа направени во 2011 година и тоа кај фотонапонски централи на земја пред сé заради стимулативните мерки кои беа обезбедени од страна на државата во форма на feed-in тарифи. Овој тренд го достигна својот максимум во 2015 година кога кумулативното производство на фотоволтаичната електрична енергија достигна 0.20% од вкупно произведената електрична енергија. Во периодот до 2020 година инсталирањето на ФВ системи бележи значително помали стапки на раст при што вкупната количина на електрична енергија произведена од ФВ централи достигна ниво од 850 GW, односно 0.18% од вкупната произведена електрична енергија во Македонија.



За разлика, соседните држави, пред сé Бугарија и Грција, имаа значително поинтензивен пораст на производството на фотонапонска електрична енергија.

Проекции за инсталирање на фотонапонски капацитети во РС Македонија

Во престојниот период се очекува значителен пораст на инсталираните капацитети за фотонапонска енергија имајќи во предвид неколку клучни фактори:

Увозната зависност од електрична енергија која се повеќе ќе се зголемува од причини што постоечките носечки производители на електрична енергија се соочуваат со недостиг од потребни производни ресурси (јаглен, хидро-метерелошката состојба и др.). Од тука, нашата држава ќе биде сé повеќе зависна од увоз на електрична енергија која се детерминира на берзите (https://hupx.hu), а на кои цената е значително повисока во однос сегашната цена во РС Македонија. Притоа, евидентен е трендот на галопирачки раст на побарување на електричната енергија на светско ниво заради зголемената побарувачка, односно преусмерување на агрегатните корисници кон електрична енергија.

Мултилатералните договори кои нашата држава ги има потпишано во функција на намалување на емисиите на CO2, нé обврзуваат да ги затвориме капацитетите за производство на електрична енергија базирани на фосилни горива до 2030 год., а кои се носечки производители и балансери на електричната енергија во РС Македонија (РЕК Битола, ТЕЦ Осломеј и др.). Од истово произлегува дека нашата земја ќе мора да го интензивира инсталирањето на ФВ капацитети за производство на електрична енергија, со цел делумно да ги покрие недостатоците кои ќе произлезат од затворањето на наведените капацитети.

5.ПОДАТОЦИ И АНАЛИЗА НА ПРИРОДНИТЕ И АРТЕФИЦИЕЛНИТЕ ЧИНИТЕЛИ

Во граници на планскиот опфат теренот паѓа од североисточна кон југозападна страна.Највисока точка е на 503мнв додека најниска е на 364мнв.

Во Општината Штип климата е умерено - континентална, со одредено влијание на изменето медитеранска преку долината на реката Брегалница. Во Општината Штип просечната годишна температура во регионот изнесува 12,90С со осцилација од 2,4°С. Најтопли месеци се јули и август со просечна месечна температура од 23,8°С во јули, а најстуден месец е јануари со просечна месечна температура од 1,40С. Температурното колебање изнесува 12,40С. Апсолутно минималната температура изнесува - 22,70С а апсолутно максималната е 41,0С. Пролетта е секогаш постудена од есента. Најтопол месец е август, а најстуден месец е јануари. Најврнежлив е месец мај со 56,1 мм, и октомври со 56,3 мм, а минимумот е во август. Релативно сушни периоди се месеците јануари, февруари, март, април јуни, август, септември и декември. Снегот се јавува од ноември до март, со просечно 18 дена со снежни врнежи. Максимумот е во јануари 6,3 дена. Подрачјето е сушно со 506,1 мм воден талог просечно годишно. Распоредот на врнежите е нерамномерен, како по месеци, така и во текот на годината. Ветровите со најголема честина се главно од северозападен и југоисточен правец. Во Штип најчест е северозападен, континентален ветер (сув и рафален ветер) со честина просечно 196‰ и просечна брзина 3,6 м/сек, но тука е исто и југоисточниот медитерански ветер (влажен и не така силен ветер) со честина од 179‰, просечна брзина 3,8 м/сек., потоа се застапени североисточниот 29‰ и со просечна брзина 2,0 м/сек. Застапен е југозападен ветер (49‰) со просечна брзина 2,0 м/сек. и западниот со 52‰ со просечна брзина 2,5м/сек. Јужниот ветер е со 36‰ застапеност и со просечна годишна брзина од 2,7м/сек. Периодот со мразеви изнесува 72 дена. Просечната годишна влажност на воздухот е 67 %. Сончевиот сјај е 2376, часа годишно, односно просечно 6,5 часа дневно. Маглите се ретка појава. Просечно годишно има 13 магливи денови.

Земјиштето е неизградено.До него се пристапува од некатегоризиран пат КП 416, КО Доброшани.

Поврзувањето на фотоволтаичната електрана со електроенергетскиот систем ќе се планира со друг вид на урбанистичко планска документација.

Со оглед на теренот, локациајта на ФЕЦ како и околните постојни трафостаници поврзувањето на мрежа ќе се испланира со друг вид на урбанистичко планска документација.

6. ЕКОНОМСКА И РАЗВОЈНА АНАЛИЗА НА ИДНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ГРАДБАТА

Проценки на трошоците и рамка за финансирање за 86,59 ха.

Вкупните трошоци за имплементација на проектот се проценуваат на ~ 99,5 милиони евра, што ги вклучува трошоците за набавка на земјиште, развој на проектот, целосна CAPEX инвестиција во електраната и инфраструктурата за поврзување на мрежата, применливиот ДДВ, како и трошоците за финансирање и трошоците при трансакции, вклучувајќи го и почетниот обртен капитал.

Инвеститорот има намера да го финансира проектот со комбинација на кредит и влог. Кредитот ќе биде земен од локални и/или меѓународни банки активни во Република Северна Македонија според стандардните принципи за финансирање на проекти.

Иако е тешко да се одредат прецизните услови на пакетот за финансирање на проектот во овој момент, врз основа на анализа на прибрани податоци од потенцијални банки кои би биле вклучени во финансирањето на овој проект, направени беа следните претпоставки:

- Кредит: 70%
- Рок: 1 година грејс период и 10 години рок на отплата. Севкупно - 11 години.
- Каматна стапка: 4%
- Резервната сметка за покривање на кредитот (DSRA) да се финансира 6 месеци пред предвидениот рок.
- Надомест за обврска: 1%
- Се претпоставува дека профилот за отплата на долгот е креиран со коефициент на покриеност на долгот (DCR) од 1,3.

Како што е вообичаено во трансакциите за финансирање на проекти, DSRA, Надоместоците за аранжман, каматата што се плаќа за време на изградбата (IDC) и применливиот дел од надоместокот за обврска што се плаќа за време на изградбата ќе се додадат на вкупните трошоци за реализација на проектот и ќе се финансираат.

Резимето на користење на средствата потребни за спроведување на проектот е претставено подолу:

CAPEX + Права на проектот	€ 99,500,000
DSRA Финансирање	€ 5,277,229
IDC Финансирање	€ 1,884,725
Надомест за аранжман	€ 753,890
Надоместок за обврска	€ 282,709
Вкупно	**€ 107,698,552**

Резиме на финансирање	Вкупно EUR
Вкупен кредит (70%)	€ 75,388,987
Вкупен влог (30%)	**€ 32,309,566**

Покрај вкупната почетна инвестиција потребна за развој и изградба на проектот, мора да се земат предвид и тековните оперативни трошоци (OPEX). Резимето на предвидените годишни OPEX категории е претставено подолу:

OPEX (оперативни трошоци)	Total EUR
Операции и одржување	€ 750,000
Осигурување	€ 225,000
Трошок за менаџмент	€ 300,000
Потрошувачка на енергија	€ 107,258
Вкупни трошоци-OPEX	**€ 1,382,258**

Дополнително на горенаведените годишни претпоставки за OPEX, се очекува дека почнувајќи од 8-та година, ~ 300.000 евра годишно ќе се одвојуваат за поправки или замена на инвертерите.

Проценки на приходите

Се очекува дека проектот ќе биде обезбеден со долгорочен договор за откуп на електрична енергија (PPA) со реномирана / банкарски одобрена компанија. Иако во овој момент е тешко да се одредат прецизните услови на PPA направени се следните претпоставки:

• Времетраење: од 7 до 10 години

• Обврска за предавање на електрина енергија: (pay as produced-PAP), платено колку што е произведено

• Нето тарифни приходи со вклучено балансирање: 80 € / MWh

Понатаму се претпоставува дека тарифата за предавање на енергија во бизнис моделот ќе остане на ниво од најмалку 80 € / MWh за целото времетраење на проектот додека е во функција. Имајќи ги предвид динамиката и трендовите што преовладуваат на пазарите на електрична енергија, како и со оглед на ефектот на можните инфлации. Ова треба да се смета за конзервативна претпоставка.

Резултати од финансискиот модел

Проценката предвидува атрактивно ниво на принос за инвеститорот: Неприлагодениот поврат е проценет на ~ 10%, додека пак интерниот поврат на капитал е проценет на 14,6%, со поврат на капиталот од 10 години.

Резултатите од финансискиот модел, вклучувајќи и проформа извештаите “Биланс на успех” и cash flow се претставени подолу:

Income Statement

	2022	2023	2024	2025	2026	2027	2028	2029	2030	2031	2032	2033	2034	2035	2036	2037	2038	2039	2040
Turnover (EUR)																			
Production (GWh)	-	-	204.3	203.5	202.7	201.8	201.0	200.2	199.4	198.6	197.8	196.9	196.1	195.3	194.5	193.7	192.9	192.0	191.2
PPA Tariff (EUR/MWh)			75.0	75.0	75.0	75.0	75.0	75.0	75.0	75.0	75.0	75.0	75.0	75.0	75.0	75.0	75.0	75.0	75.0
Total Revenue	-	-	15.3	15.3	15.2	15.1	15.1	15.0	15.0	14.9	14.8	14.8	14.7	14.6	14.6	14.5	14.5	14.4	14.3
Expenses (EUR)																			
Total Base Opex	-	-	1.4	1.4	1.4	1.5	1.5	1.5	1.5	1.5	1.6	1.6	1.6	1.6	1.7	1.7	1.7	1.7	1.8
Inverter Replacement Insurance	-	-	-	-	-	-	-	-	0.3	0.3	0.3	0.3	0.3	0.3	0.3	0.3	0.3	0.3	0.3
Total Expenses	-	-	1.4	1.4	1.4	1.5	1.5	1.5	1.8	1.8	1.9	1.9	1.9	1.9	2.0	2.0	2.0	2.0	2.1
Taxable Income (EUR)																			
EBITDA	-	-	13.9	13.8	13.8	13.7	13.6	13.5	13.1	13.0	13.0	12.9	12.8	12.7	12.6	12.5	12.4	12.4	12.3
Depreciation	-	-	6.9	6.9	6.9	6.9	6.9	6.9	6.9	6.9	6.9	6.9	6.6	6.6	6.6	6.6	6.6	-	-
EBIT	-	-	7.0	6.9	6.8	6.8	6.7	6.6	6.2	6.1	6.0	6.0	6.2	6.1	6.0	5.9	5.8	12.4	12.3
Debt Interest Payment	-	-	2.9	2.6	2.3	2.0	1.7	1.4	1.0	0.7	0.3	0.0	-	-	-	-	-	-	-
EBT	-	-	4.1	4.3	4.5	4.7	5.0	5.2	5.2	5.5	5.7	5.9	6.2	6.1	6.0	5.9	5.8	12.4	12.3
Tax Expense / (Benefit)	-	-	0.4	0.4	0.5	0.5	0.5	0.5	0.5	0.5	0.6	0.6	0.6	0.6	0.6	0.6	0.6	1.2	1.2
EAT	-	-	3.7	3.8	4.1	4.3	4.5	4.7	4.7	4.9	5.2	5.4	5.5	5.5	5.4	5.3	5.2	11.1	11.0
NOL Differed Tax Benefit Reduction	-	-	0.1	0.2	0.2	0.1	0.1	0.1	0.1	0.0	0.0	0.0	-	-	-	-	-	-	-
Net Income	-	-	3.7	4.0	4.2	4.4	4.6	4.8	4.7	5.0	5.2	5.4	5.5	5.5	5.4	5.3	5.2	11.1	11.0
Total Tax Paid	-	-	0.5	0.4	0.4	0.5	0.5	0.5	0.5	0.5	0.6	0.6	0.6	0.6	0.6	0.6	0.6	1.2	1.2

Cash Flow Statement

	2022	2023	2024	2025	2026	2027	2028	2029	2030	2031	2032	2033	2034	2035	2036	2037	2038	2039	2040
Sales	-	-	15.3	15.3	15.2	15.1	15.1	15.0	15.0	14.9	14.8	14.8	14.7	14.6	14.6	14.5	14.5	14.4	14.3
Cash Operating Expenses	-	-	(1.4)	(1.4)	(1.4)	(1.5)	(1.5)	(1.5)	(1.8)	(1.8)	(1.9)	(1.9)	(1.9)	(1.9)	(2.0)	(2.0)	(2.0)	(2.0)	(2.1)
Taxes Paid	-	-	(0.5)	(0.4)	(0.4)	(0.5)	(0.5)	(0.5)	(0.5)	(0.5)	(0.6)	(0.6)	(0.6)	(0.6)	(0.6)	(0.6)	(0.6)	(1.2)	(1.2)
Net Cash After Operations	-	-	13.4	13.4	13.3	13.2	13.1	13.0	12.6	12.5	12.4	12.3	12.2	12.1	12.0	11.9	11.9	11.1	11.0
CAPEX	(25.6)	(76.8)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Change in Current Assets Increase/(Decrease)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Net Cash After Investing Activities	(25.6)	(76.8)	13.4	13.4	13.3	13.2	13.1	13.0	12.6	12.5	12.4	12.3	12.2	12.1	12.0	11.9	11.9	11.1	11.0
Interest Income/(Expense)	-	-	(2.9)	(2.6)	(2.3)	(2.0)	(1.7)	(1.4)	(1.0)	(0.7)	(0.3)	(0.0)	-	-	-	-	-	-	-
LT Senior Debt Inflow/(Outflow)	18.8	56.5	(7.4)	(7.7)	(7.9)	(8.2)	(8.4)	(8.7)	(8.7)	(9.0)	(9.3)	(0.3)	-	-	-	-	-	-	-
Equity Inflow/(Outflow)	32.3	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Net Cash After F nancing Activities before Dividends	25.5	(20.3)	3.1	3.1	3.1	3.1	3.0	3.0	2.9	2.9	2.9	12.0	12.2	12.1	12.0	11.9	11.9	11.1	11.0
Div dends Paid	-	-	(3.3)	(3.1)	(3.1)	(3.1)	(3.1)	(3.2)	(3.0)	(2.9)	(7.2)	(12.3)	(12.2)	(12.1)	(12.0)	(11.9)	(11.9)	(11.1)	(11.0)
Net Cash After F nancing Activities	25.5	(20.3)	(0.2)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.1)	(0.2)	(0.1)	(0.1)	(4.3)	(0.3)	-	-	-	-	-	-	-
Cash BOP	-	25.5	0.3	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)
Change in Cash	25.5	(20.3)	(0.2)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.1)	(0.2)	(0.1)	(0.1)	(4.3)	(0.3)	-	-	-	-	-	-	-
Cash (to)/from DSRA	-	(5.0)	(0.1)	0.0	0.0	0.0	0.1	0.2	0.1	0.1	4.3	0.3	-	-	-	-	-	-	-
Cash EOP	25.5	0.3	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)	(0.0)

Free Cash Flow and IRR

FCF to Levered Equity																							
Equity Contribution		(32.3)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Dividends		-	-	3.3	3.1	3.1	3.1	3.1	3.2	3.0	2.9	7.2	12.3	12.2	12.1	12.0	11.9	11.9	11.1	11.0	11.0	10.9	10.8
Total CF		**(32.3)**	**-**	**3.3**	**3.1**	**3.1**	**3.1**	**3.1**	**3.2**	**3.0**	**2.9**	**7.2**	**12.3**	**12.2**	**12.1**	**12.0**	**11.9**	**11.9**	**11.1**	**11.0**	**11.0**	**10.9**	**10.8**
Equity IRR	**14.6%**																						

7. УСОГЛАСЕНОСТ СО ПРОСТОРНИОТ ПЛАН И СОСЕДНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Планскиот опфат е надвор од границите на урбанистички планови и урбанистичко плански документации за што општина Штип има издадено Известување (бр. УП 18-2481/2 од 15.04.2022). За предметниот опфат издадени се услови за планирање на просторот за поставување на фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани, Општина Штип со тех.број Y27022 од јули 2022.

Условите за планирање претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на плански концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот обработени согласно Просторниот план на Република Македонија. Просторниот план како највисок стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ донесен е за цел утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената и уредување и користење на просторот. Имајќи ја предвид важноста на Просторниот план, со донесувањето на Планот се донесе и закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (Сл.весник на РМ 39/2004).

Спроведувањето на планот значи задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво со Просторниот план.

Заклучни согледувања издадени во Условите за планирање кои произлегуваат од просторниот план се:

Условите за планирање на просторот се наменети за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10 MW на КП 248/1, КП 250, КП 242, КП 243, КП 246, КП 247, КП 249, КП 254, КП 255, КП 256 и дел од КП 416, КО Доброшани, Општина Штип.

Површината на планскиот опфат изнесува 86,59 ha.

Планскиот опфат се граничи со плански опфат за кој што има издадено Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со класа на намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/3, КО Доброшани, Општина Штип со тех.бр. Y16520.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на предметната документација треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.



Планови со кој се граничи планскиот опфат

Плански опфат на УП вон опфат на урбанистички план, со основна класа на намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/3, КО Доброшани, Општина Штип согласно Услови за планирање на просторот бр. Y 16520

Економски основи на просторниот развој

- Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.
- Изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Доброшани Општина Штип, ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).
- Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активностида се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на проектниот опфат.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот План на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето**.**

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Површинските води се најзначајни за подмирување на потребите од вода, но нивната распределба на територијата на Републиката е нерамномерно. Потенцијалот на површинските води е диктиран од појавата, траењето и интензитетот на врнежите. Поради морфолошката, хидрогеолошката и хидрографската структура на просторот врнежите брзо се концентрираат во речната мрежа и истекуваат. Богатството на вода се изразува и преку површинското истекување кое за сливните подрачја во Републиката има највисока вредност од 26,2 л/сек/км2 за реката Радика. Источниот регион на Републиката е сиромашен со вода, специфичното истекување за сливот на реката Брегалница изнесува од 11,8 л/сек/км2 кај мерното место „Берово“, додека на водомерните станици „Очи Пале” изнесува 5,9 л/сек/км2 и „Штип” изнесува 4,1 л/сек/км2. Изградбата на површинските соларни и фотоволтаични електрани каде ќе се користи сончевата енергија, како обновлив ресурс, за производство на електрична енергија, во подрачје кое е сиромашно со хидроенергетски потенцијал, ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на регионот во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.
- Опфатот на површинските соларни и фотоволтаични електрани се наоѓа во сливното подрачје на планираната акумулација Јагмулар на реката Брегалница. Заради значењето и важноста на акумулациите како постојан изворник на вода, секој субјект е должен во текот на своите активности да се однесува внимателно и рационално во користењето на водите, да го спречува загадувањето на водите и да избегнува активности кои може да предизвикаат негативни ефекти во сливното подрачје на акумулацијата. Во сливот на предвидената акумулација забрането е да се изведуваат работи кои би можеле да ги сменат природните услови поради што би можело да дојде до лизгање на теренот, појава на ерозија или создавање на суводолици и порои**.**

Енергетика и енергетска инфраструктура-од услов Y00521

- Локацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10 MW, КО Доброшани, Општина Штип, нема конфликт со останатите постојни и планирани енергетски водови.
- Градбата на површински соларни и фотоволтаични електрани ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стаклени̇чки гасови.

Урбанизација и мрежа на населби

- Иницијативата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КО Доброшани, Општина Штип, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Домување

- Иницијативата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КО Доброшани Општина Штип, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.

Јавни функции

- Локацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КО Доброшани Општина Штип, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

- Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува остварување на просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.
- Изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Доброшани Општина Штип, ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република Македонија за одржлив развој.

Сообраќајна инфраструктура

Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:
- **Иницијативата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КО Доброшани Општина Штип, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.**

Домување

- **Иницијативата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КО Доброшани Општина Штип, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.**

Јавни функции

- **Локацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани на КО Доброшани Општина Штип, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

Индустрија

- **Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува остварување на просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.**
- **Изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Доброшани Општина Штип, ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република Македонија за одржлив развој.**

Сообраќајна инфраструктура

Според Просторниот план на Република Македонија **автопатската и магистрална патна мрежа** релевантна за предметниот простор е:

- **А3 (М-5)** - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа;

- **А4 (М-6)** - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село).
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

- Предметната локација се наоѓа во **заштитната зона на спортски аеродром Штип кој спаѓа во секундарната аеродромска мрежа.**
- **При изработка на планската документација од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај да се почитуваат важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област).**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Локацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10 MW, КО Доброшани Општина Штип, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10 MW, КО Доброшани Општина Штип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10 MW, КО Доброшани Општина Штип, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- **Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската општина Доброшани има евидентиран недвижен споменик на културата и археолошки локалитет.**
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 ,11/18,20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на **Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските**

[2] **МАНУ Скопје, 1996г.**

дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10 MW, КО Доброшани Општина Штип, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10 MW, КО Доброшани Општина Штип, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита *Карта бр. 24*

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



3.4 СТУДИЈА ЗА ОТСЈАЈ

Врз основа на член 9д, а во врска со член 68 и член 76 од *Законот за воздухопловство ("Службен весник на РМ" бр.68/13, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16, 64/18, 220/19 и 48/20).* Директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство на барање бр.03-004/1 од 19.07.2022 година, доставено од ДПЕ СУШЕВО 1 дооел Скопје, ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.39/15, Скопје-Центар, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се издава согласност за изградба на СОЛАРНА И ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА на КП 248/1, КП 250, КП 242, КП 243, КП 246, КП 247, КП 249, КП 254, КП 255, КП 256 и дел од КП 416, КО Доброшани, општина Штип, за потреби на инвеститорот ДПЕ СУШЕВО 1 дооел Скопје, со следните услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај:
   - Објектите да се изведат во се според доставената урбанистичка документација со тех.бр.353/22 од Јули 2022 година;
   - Максималната височина на било која надземна структура во рамки на парцелата да не надминува елевација од 506,5 мнв.
2. Надоместокот согласно чл.20, став (1), алинеја 4, од *Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците на Агенцијата за цивилно воздухопловство* бр. 02-260/3 од 11.03.2021 година е платен.
3. Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето, а жалбата не го одлага неговото извршување.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 22.07.2022 година од страна на ДПЕ СУШЕВО 1 дооел Скопје, доставено е барање и техничка документација за изградба на соларна и фотоволтаична електрана на КП 248/1, КП 250, КП 242, КП 243, КП 246, КП 247, КП 249, КП 254, КП 255, КП 256 и дел од КП 416, КО Доброшани, општина Штип, со висина на панели од 2,6 метри и висинска кота на терен до 503,51мнв. Локација која се наоѓа во рамки на имагинарните површини за ограничување на препреки на Спортскиот Аеродром Штип и терен кој претставува природен продор, а објектите претставуваат препрека во воздухопловството.

Надлежниот воздухопловен инспектор, по разгледување на доставената документација, а врз основа на *Правилникот за условите за поставување, градба и обележување на објекти, инсталации и уреди во зоната на аеродромот, објекти и уреди за контрола на летањето, и објекти надвор од зоната на аеродромот коишто можат да влијаат на безбедноста на воздушниот сообраќај и условите и начинот на обработка на земјиштето во зоната на аеродромот и земјиштето во негова непосредна близина* ("Службен весник на РМ" бр. 130/2007, 156/2012 и 149/15) достави стручен извештај под Уп.бр. 12-330/2022 од 22.07.2022 година, врз основа на кој се одлучи како во диспозитивот на решението.

Доставената техничка документација се задржува за потреби на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Упатство за правно средство: *Против ова решение незадоволната странка има право на судска заштита пред Управниот суд во рок од 30 (триесет) дена од денот на прием на ова решение*.

Решено во Агенцијата за цивилно воздухопловство на ден 26.07.2022 година, под Уп.бр. 12-330/2022.

Директор
д-р Томислав Тунтев

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 - 046 ф.: + 389 2 3115 - 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

друштво за трговија и деловни услуги
ГЕО ВИЛД МАК ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 03/185-1
11.07 2022 год
СКОПЈЕ



ПРОЕКТ:

СТУДИЈА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ НА ОТСЈАЈ ОД ФОТО-ВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА "ДОБРОШАНИ" НА СПОРТСКИ АЕРОДРОМ ШТИП

Подготвено од: Гео ВИЛД МАК
Скопје, Јули 2022.

Aleksandar Postolovski

Digitally signed by Aleksandar Postolovski
DN: c=MK, ou=VAT - 4030005557950, 2.5.4.97=NTRMK-6014224, o=Geo Vild Mak, serialNumber=167595, title=Upravitel, sn=Postolovski, givenName=Aleksandar, cn=Aleksandar Postolovski
Date: 2022.07.18 10:15:06 +02'00'



ПРОЕКТ:

СТУДИЈА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ НА ОТСЈАЈ ОД ФОТО-ВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА "ДОБРОШАНИ" НА СПОРТСКИ АЕРОДРОМ ШТИП

Изработиле:
Д-р Александар Постоловски, дипл.инж.геод.

М-р Сашо Штерјов,
дипл.сооб.инж. за воздушен сообраќај

ISO 9001:2015
44 100 16430467

Содржина:

Стр. бр.

1. Вовед 4
2. Сончева рефлексија од ФВ панели 5
   - 2.1. Рефлексија од површина 5
   - 2.2. Видови на рефлексија 6
3. Опис на Фото-Волтаичната (ФВ) централа 7
4. Анализи 9
   - 4.1.Макро положба 9
   - 4.2.Микро положба 10
   - 4.3.SGHAT анализа 11
5. Заклучоци 27
6. Прилози 28
   - 6.1. Прилог Бр.1- Лиценца за мерење на аеродроми 28
   - 6.2. Прилог Бр.2- Список на користена литература 29

П Р Е Г Л Е Д

ЗА

СТУДИЈА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕ НА ОТСЈАЈ

ОБЈЕКТ: ФОТО-ВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА "ДОБРОШАНИ"
ЛОКАЦИЈА: СПОРТСКИ АЕРОДРОМ ШТИП
НИВО НА ПРОЕКТ: СТУДИЈА

НАРАЧАТЕЛ: дпе СУШЕВО 1 дооел
ИЗРАБОТИЛ: дтду ГЕО ВИЛД МАК дооел
ПРОЕКТАНТ: Д-р Александар Постоловски дипл.геод.инж.
СТРУЧЕН СОРАБОТНИК: М-р Сашко Штерјов дипл.сооб.инж. воздухопловен сообраќај

Управител

Александар Постоловски

Скопје, Јули 2022

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 01.04.2022 во 06:39:01
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

Број: 0818-50/150020220087741
Датум и време: 1.4.2022 г. 06:38:52

/Електронски издаден документ/

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6014224
Назив:	Друштво за трговија и деловни услуги ГЕО ВИЛД МАК ДООЕЛ Скопје
Седиште:	БОРКА ТАЛЕВСКИ бр.51 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	46.90 - Неспецијализирана трговија на големо
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Друштво за трговија и деловни услуги
ГЕО ВИЛД МАК ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 03/195-2
11.04 2022 год
СКОПЈЕ

Врз основа на чл.15 и 18 од Законот за градење (Службен весник на РМ бр.130 /2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/2013год), и Договорот помеѓу Синохидро и Геовилд Мак од 31.10.2014, Управителот на Гео Вилд Мак го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За назначување на Проектант за изработка на проектна документација – за изработка на Студија за одредување на влијание на отсјај од фото-волтаична централа "Доброшани" на спортски аеродром Штип :

Област : Геодезија

Д-р Александар Постоловски дипл.геод.инж	Одговорен Проектант
М-р Сашо Штерјов, дипл.сооб.инж. за воздушен сообраќај	Стручен Соработник

Погоре именуваниот проектант ќе биде ангажиран до завршување на проектантските работи согласно проектната задача и техничките нормативи за ваков вид на работа.
Ова Решение стапува на сила од моментот на неговото донесување и доставување на именуваниот проектант.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно Законот за градење (Службен весник на РМ бр.130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144 од 15.11.2012год, 25/2013,79/2013 и 137/2013), Проектантот се обврзува да ја изработи Проектната документација стручно и квалитетно, за што се донесува ова решение.

УПРАВИТЕЛ
Александар Постоловски
Гео ВИЛД МАК дооел

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

ГЕОДЕЗИЈА

на

д-р АЛЕКСАНДАР ПОСТОЛОВСКИ

магистер по геодезија (NQF VIII)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи до 17.09.2025 год.

Број: 8.0152

Издадено на: 18.09.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

1. Вовед

Овој извештај го проценува потенцијалот за окуларно влијание на отсјајот што произлегува од рефлексиите на сончевата светлина од предложените соларни ФВ панели и неговиот потенцијал да предизвика влијание врз корисниците од блискиот спортски аеродром Штип.

Рецепторите Корисници од воздухопловен аспект кои се предмет на проценка го вклучуваат делот од завршниот приод при што треба да се напомене дека аеродромот нема контролна кула.

Користејќи ги алгоритмите на патеката на сонцето за секоја 1 минута од годината извршена е симулација дали и кога отсјајот може да има влијание на одреден рецептор кој се движи по полетно/слетните патеки на аеродромот.

Ова е специфичен извештај за отсјајот, кој се фокусира само на блискиот аеродром во Штип, при тоа во предвид не се земаат копнените рецептори како што се блиските патишта, железничките линии, резиденциите или другите аеродроми.

Поради фактот што панелите се наоѓаат на висока локација и се распоредени на југозападна страна од доминантниот рид, анализата за копнените рецептори не се смета за неопходна бидејќи нема директна видливост од нивото на земја до нив.

За целите на воздухопловната анализа, Федералната управа за воздухопловство на САД (FAA) ја препорачува за употреба SGHAT алатката наречена Анализа на опасности од сончев отсјај. Графикот за оценка на влијанието врз сетилото за вид од сончевата светлина е прикажан на Слика бр.1.

Рецепторите со теоретски потенцијал за отсјај може да се поделат во три различни области:

Зелена - „Низок потенцијал за т.н. после слика (after image)“,

Жолта - „Потенцијал за т.н. после слика (after image)“ и

Црвена - „Потенцијал за трајно оштетување на очите (изгореница на мрежницата)“.



Слика бр.1 - Графичка анализа на опасности од сончев отсјај

2. Сончева рефлексија од ФВ панели

2.1. Рефлексија од површина

Сите типови на површини имаат различни карактеристики на рефлексивност. Ова резултира со различни степени на рефлексија на сончевата светлина. Соларните панели, по својата природа, се дизајнирани да апсорбираат што е можно повеќе сончева светлина, а со тоа и претворање на сончевата енергија во електрична енергија. Како резултат на тоа, количината на светлина што се рефлектира од овие инсталации е многу помала отколку што може да се очекува. Сликата бр.2 подолу е земена од FAA 2010 Solar упатството и илустрира дека рефлексијата на соларните ФВ панели е од слична природа како рефлексија на сончевата светлина од водата (водено огледало).

Типичните вредности за нивоата на рефлексија на соларните ФВ панели се далеку помали од оние на материјалите како снег, бетон, па дури и вегетација.

Сепак, треба да се забележи дека во одредени периоди од денот, генерално рано наутро и доцна навечер, со сонцето ниско на небото, количината на светлина што се рефлектира од сончевите панели може да се зголеми, предизвикувајќи потенцијал за отсјај во одредени насоки.



Слика бр.2 - Ниво на рефлексија од различни материјали

ISO 9001:2015
44 100 16430467

2.2. Видови на рефлексија

Постојат два вида на рефлексија што може да се појават на одредена површина: спекуларна и дифузна.

Спекуларната рефлексија е директна рефлексија која произведува повеќе „фокусиран" тип на светлина. Тоа се случува кога светлината се рефлектира од мазна или полирана површина како стакло или мирна вода.

Дифузната рефлексија, од друга страна, произведува помалку „фокусиран" тип на светлина. Дифузната рефлексија се јавува како резултат на светлината што се рефлектира од груба површина како што е вегетација, бетон или брановидна вода. Сликата бр. 3 помага да се илустрира разликата помеѓу овие два типа на рефлексија.

Главниот тип на рефлексија од соларните ФВ панели е спекуларен поради стаклената текстура на надворешниот слој на панелите. Меѓутоа, во реалноста, како и кај другите површини, ќе има комбинација и од спекуларна и мал дел на дифузна рефлексија.



Слика бр.3 - Видови на рефлексија

Нивото на потенцијален отсјај од соларните ФВ панели е сличен на оној на водата и многу помал од оној на материјалите како бетон и вегетација. Многу вообичаени елементи нудат слични, ако не и повисоки нивоа на отсјај од оние предизвикани од соларните ФВ системи, како што се покривите, мирните езера, па дури и фолиите од најлон што се користат на земјоделските фарми.

Слика бр.4 - Фолии на земојделска фарма

ISO 9001:2015
44 100 16430467

3. Опис на Фото-Волтаичната (ФВ) централа

Фото-волтаичната центарала Доброшани е лоцирана на ~3 км западно од спортскиот аеродром Штип на географски координати 41.75° N 22.11° E и средна надморска височина од ~450м. Локацијата има неправилна форма и е со приближна површина од 97 ха.



Слика бр.5 - Местоположба на ФВ централа - Доброшани

ФВ централата е од приземен тип, систем од панели поставени на падините на рид. Проектирана моќност на централата е 125.8 MWh.

Панелите **се фиксни** и го следат наклонот на теренот при што минималниот наклон на панел поставен на хоризонтална рамнина е 16°.

Панелите на најниската точка се наоѓаат на висина од 0.8м над земјата, а највисоката точка е 2.60м. Карактеристичниот попречен пресек на панелите е даден на Слика бр. 7.

Распоредот на панелите на локацијата е прикажан на Слика бр.8 и бр.9.



Слика бр.7 - Карактеристичен попречен пресек

ISO 9001:2015
44 100 16430467



Слика бр.8 - 2Д Распоред на панели на локација



Слика бр.9 - 3Д Распоред на панели на локација

ISO 9001:2015
44 100 16430467

4. Анализи

4.1.Макро положба



Слика бр.10 - Макро положба на ФВ централа Доброшани

Врз основа на картата објавена во АИП Македонија за инсталирани радио-навигациски уреди и воздушни патишта е утврдено дека ФВ се на растојание кое нема влијание на истите.

- ФВ Централата се наоѓа на ~47 км ЈугоИсточно од аеродромската референтна точка на меѓународниот аеродром Скопје,
- ФВ Централата се наоѓа на ~45 км ЈугоИсточно од примарниот и секундарниот надзорен радар на Бањски рид,
- ФВ Централата се наоѓа на ~28 км СеверoИсточно од Аеродромот во Росоман,
- ФВ Централата се наоѓа на ~28 км ЈугоИсточно од Метеоролошкиот радар во Ѓуриште, а локацијата на централата е за ~400м пониска од радарската станица,
- ФВ Централата не се наоѓа во правец на воздухопловни рути и близина на навигациони средства.

ISO 9001:2015
44 100 16430467

4.2.Микро положба

На Слика бр.11 е даден графички 3Д приказ на местоположбата на ФВ централата во однос на Аеродромот Штип и неговите полетно слетни патеки како и конусната рамнина.



Слика бр.11 - 3Д Модел и приказ на аеродромски рамнини

Може да се забележи дека на Запад, каде што се наоѓа ФВ централата, конусната рамнина го пробива теренот, но поради фактот што висината на инсталираните панели е помала од 3м (2.60м) истите НЕ представуваат препреки.

Насоката на панелите е Север-Југ со што аголот помеѓу оската на панелите и оската на аеродромската писта е ~36°.

ФВ панелите се наоѓаат на западната страна од ридот кој претставува природна "завеса" која оневозможува пробивање на отсјајот од панелите кон пистата.

- Насоката на панелите е Север-Југ (180° магнетен југ) и истата не смее да биде помала од 155°.
- Разликата помеѓу азимутите од оската на панелите и оската на аеродромската писта е ~36°.
- При визуелно летање на хеликоптери, влијанието на рефлектираните зраци од ФВ врз комуникациските врски е до висина од 50 м радијално од ФВ.

4.3 SGHAT Анализа

SOLAR GLARE HAZARD ANALYSIS

Project: **FV-DOBROSANI**

Фото-Волтаична централа ДОБРОШАНИ во близина на спортски аеродром ШТИП

Site configuration: **FV-DOBROSANI**

Analysis conducted by Aleksandar Postolovski (geowildmak@t-home.mk) at 11:14 on 08 Jul, 2022.

U.S. FAA 2013 Policy Adherence

The following table summarizes the policy adherence of the glare analysis based on the 2013 U.S. Federal Aviation Administration Interim Policy 78 FR 63276. This policy requires the following criteria be met for solar energy systems on airport property:

- No "yellow" glare (potential for after-image) for any flight path from threshold to 2 miles
- No glare of any kind for Air Traffic Control Tower(s) ("ATCT") at cab height.
- Default analysis and observer characteristics (see list below)

GeoWILD MAK does not represent or speak officially for the FAA and cannot approve or deny projects. Results are informational only.

COMPONENT	STATUS	DESCRIPTION
Analysis parameters	PASS	Analysis time interval and eye characteristics used are acceptable
2-mile flight path(s)	PASS	Flight path receptor(s) do not receive yellow glare
ATCT(s)	N/A	No ATCT receptors designated

Default glare analysis parameters and observer eye characteristics (for reference only):

- Analysis time interval: 1 minute
- Ocular transmission coefficient: 0.5
- Pupil diameter: 0.002 meters
- Eye focal length: 0.017 meters
- Sun subtended angle: 9.3 milliradians

FAA Policy 78 FR 63276 can be read at https://www.federalregister.gov/d/2013-24729

SITE CONFIGURATION

Analysis Parameters

DNI: peaks at 1,000.0 W/m^2
Time interval: 1 min
Ocular transmission coefficient: 0.5
Pupil diameter: 0.002 m
Eye focal length: 0.017 m
Sun subtended angle: 9.3 mrad
Site Config ID: 71997.12695
Methodology: V2



PV Array(s)

Name: FV DOBROSANI 4
Axis tracking: Fixed (no rotation)
Tilt: 17.0°
Orientation: 180.0°
Rated power: -
Panel material: Smooth glass without AR coating
Reflectivity: Vary with sun
Slope error: correlate with material

Vertex	Latitude (°)	Longitude (°)	Ground elevation (m)	Height above ground (m)	Total elevation (m)
1	41.752247	22.119190	**458.57**	1.70	460.27
2	41.753104	22.118471	465.67	1.70	467.37
3	41.754128	22.118020	**471.77**	1.70	473.47
4	41.755465	22.117409	473.87	1.70	475.57
5	41.756713	22.116851	**487.70**	1.70	489.40
6	41.757202	22.116529	491.77	1.70	493.47
7	41.754977	22.115295	**453.25**	1.70	454.95
8	41.751431	22.118524	445.40	1.70	447.10

Name: FV DOBROSANI 5
Axis tracking: Fixed (no rotation)
Tilt: 17.0°
Orientation: 180.0°
Rated power: -
Panel material: Smooth glass without AR coating
Reflectivity: Vary with sun
Slope error: correlate with material

Vertex	Latitude (°)	Longitude (°)	Ground elevation (m)	Height above ground (m)	Total elevation (m)
1	41.754977	22.115306	**453.35**	1.70	455.05
2	41.752688	22.114104	415.31	1.70	417.01
3	41.751055	22.116625	**424.28**	1.70	425.98
4	41.750622	22.117795	431.44	1.70	433.14
5	41.751447	22.118514	**445.54**	1.70	447.24

Name: FV DOBROSANI 6
Axis tracking: Fixed (no rotation)
Tilt: 17.0°
Orientation: 180.0°
Rated power: -
Panel material: Smooth glass without AR coating
Reflectivity: Vary with sun
Slope error: correlate with material

Vertex	Latitude (°)	Longitude (°)	Ground elevation (m)	Height above ground (m)	Total elevation (m)
1	41.752712	22.114126	**415.81**	1.70	417.51
2	41.750254	22.111873	392.64	1.70	394.34
3	41.754921	22.104899	**382.23**	1.70	383.93
4	41.755497	22.105113	386.99	1.70	388.69
5	41.756321	22.106208	**397.80**	1.70	399.50
6	41.756689	22.106916	404.35	1.70	406.05

Name: FV DOBROSANI 7
Axis tracking: Fixed (no rotation)
Tilt: 17.0°
Orientation: 180.0°
Rated power: -
Panel material: Smooth glass without AR coating
Reflectivity: Vary with sun
Slope error: correlate with material

Vertex	Latitude (°)	Longitude (°)	Ground elevation (m)	Height above ground (m)	Total elevation (m)
1	41.754969	22.115295	453.09	1.70	454.79
2	41.755737	22.113074	451.59	1.70	453.29
3	41.756913	22.111079	441.05	1.70	442.75
4	41.758082	22.108557	421.34	1.70	423.04
5	41.758362	22.109019	425.18	1.70	426.88
6	41.758602	22.109759	434.40	1.70	436.10
7	41.758810	22.110413	438.84	1.70	440.54
8	41.758234	22.111561	452.66	1.70	454.36
9	41.758274	22.112098	460.32	1.70	462.02
10	41.756881	22.114566	481.58	1.70	483.28
11	41.757104	22.115555	489.12	1.70	490.82
12	41.757288	22.115885	491.92	1.70	493.62
13	41.757198	22.116524	491.79	1.70	493.49

Name: FV DOBROSANI 8
Axis tracking: Fixed (no rotation)
Tilt: 17.0°
Orientation: 180.0°
Rated power: -
Panel material: Smooth glass without AR coating
Reflectivity: Vary with sun
Slope error: correlate with material

Vertex	Latitude (°)	Longitude (°)	Ground elevation (m)	Height above ground (m)	Total elevation (m)
1	41.756705	22.106900	404.41	1.70	406.11
2	41.758098	22.108541	421.28	1.70	422.98
3	41.756921	22.111095	441.22	1.70	442.92
4	41.755713	22.113112	451.52	1.70	453.22
5	41.754961	22.115311	453.03	1.70	454.73
6	41.752704	22.114088	415.36	1.70	417.06

Name: PV DOBROSANI 1
Axis tracking: Fixed (no rotation)
Tilt: 17.0°
Orientation: 180.0°
Rated power: -
Panel material: Smooth glass without AR coating
Reflectivity: Vary with sun
Slope error: correlate with material

Vertex	Latitude (°)	Longitude (°)	Ground elevation (m)	Height above ground (m)	Total elevation (m)
1	41.760015	22.116107	**495.87**	1.70	497.57
2	41.757294	22.115890	491.92	1.70	493.62
3	41.757204	22.116526	**491.77**	1.70	493.47
4	41.758002	22.116499	493.32	1.70	495.02
5	41.758574	22.116242	**493.77**	1.70	495.47
6	41.759503	22.116343	493.69	1.70	495.39

Name: PV DOBROSANI 2
Axis tracking: Fixed (no rotation)
Tilt: 17.0°
Orientation: 180.0°
Rated power: -
Panel material: Smooth glass without AR coating
Reflectivity: Vary with sun
Slope error: correlate with material

Vertex	Latitude (°)	Longitude (°)	Ground elevation (m)	Height above ground (m)	Total elevation (m)
1	41.754917	22.104904	382.23	1.70	383.93
2	41.754324	22.104775	378.38	1.70	380.08
3	41.752772	22.104282	369.22	1.70	370.92
4	41.751995	22.103230	364.32	1.70	366.02
5	41.751379	22.103552	365.64	1.70	367.34
6	41.751299	22.105687	373.99	1.70	375.69
7	41.750875	22.107897	380.74	1.70	382.44
8	41.750643	22.108799	383.37	1.70	385.07
9	41.750106	22.111685	391.94	1.70	393.64
10	41.750266	22.111888	392.73	1.70	394.43
11	41.752564	22.108380	384.90	1.70	386.60

Name: PV DOBROSANI 3
Axis tracking: Fixed (no rotation)
Tilt: 17.0°
Orientation: 180.0°
Rated power: -
Panel material: Smooth glass without AR coating
Reflectivity: Vary with sun
Slope error: correlate with material

Vertex	Latitude (°)	Longitude (°)	Ground elevation (m)	Height above ground (m)	Total elevation (m)
1	41.752252	22.119226	**458.29**	1.70	459.99
2	41.750635	22.117820	431.74	1.70	433.44
3	41.748586	22.121521	**424.69**	1.70	426.39
4	41.749658	22.121650	439.02	1.70	440.72
5	41.750443	22.121028	**442.96**	1.70	444.66
6	41.751643	22.119955	450.61	1.70	452.31

Flight Path Receptor(s)

Name: FP 1
Description
Threshold height 15 m
Direction 145.0°
Glide slope 4.0°
Pilot view restricted? Yes
Vertical view 30.0°
Azimuthal view 50.0°



Point	Latitude (°)	Longitude (°)	Ground elevation (m)	Height above ground (m)	Total elevation (m)
Threshold	41.763215	22.144509	310.69	15.24	325.93
Two-mile	41.786899	22.122250	301.83	249.17	551.01

Name: FP 2
Description:
Threshold height: 15 m
Direction: 325.0°
Glide slope: 4.0°
Pilot view restricted?: Yes
Vertical view: 30.0°
Azimuthal view: 50.0°



Point	Latitude (°)	Longitude (°)	Ground elevation (m)	Height above ground (m)	Total elevation (m)
Threshold	41.756140	22.151019	304.79	15.24	320.03
Two-mile	41.732451	22.173264	258.46	286.64	545.10

GLARE ANALYSIS RESULTS

Summary of Glare

PV Array Name	Tilt (°)	Orient (°)	"Green" Glare min	"Yellow" Glare min
FV DOBROSANI 4	17.0	180.0	3,871	0
FV DOBROSANI 5	17.0	180.0	3,848	0
FV DOBROSANI 6	17.0	180.0	3,076	0
FV DOBROSANI 7	17.0	180.0	3,832	0
FV DOBROSANI 8	17.0	180.0	3,818	0
PV DOBROSANI 1	17.0	180.0	2,274	0
PV DOBROSANI 2	17.0	180.0	2,220	0
PV DOBROSANI 3	17.0	180.0	3,244	0

Total annual glare received by each receptor

Receptor	Annual Green Glare (min)	Annual Yellow Glare (min)
FP 1	0	0
FP 2	26183	0

Results for: FV DOBROSANI 4

Receptor	Green Glare (min)	Yellow Glare (min)
FP 1	0	0
FP 2	3871	0

Flight Path: FP 1

0 minutes of yellow glare
0 minutes of green glare

Flight Path: FP 2

0 minutes of yellow glare

3871 minutes of green glare







Results for: FV DOBROSANI 5

Receptor	Green Glare (min)	Yellow Glare (min)
FP 1	0	0
FP 2	3848	0

Flight Path: FP 1

0 minutes of yellow glare

0 minutes of green glare

3848 minutes of green glare

Flight Path: FP 2

0 minutes of yellow glare







Results for: FV DOBROSANI 6

Receptor	Green Glare (min)	Yellow Glare (min)
FP 1	**0**	0
FP 2	3076	0

Flight Path: FP 1

0 minutes of yellow glare

0 minutes of green glare

3076 minutes of green glare

Flight Path: FP 2

0 minutes of yellow glare







Results for: FV DOBROSANI 7

Receptor	Green Glare (min)	Yellow Glare (min)
FP 1	0	0
FP 2	3832	0

Flight Path: FP 1

0 minutes of yellow glare

0 minutes of green glare

3832 minutes of green glare

Flight Path: FP 2

0 minutes of yellow glare







Results for: FV DOBROSANI 8

Receptor	Green Glare (min)	Yellow Glare (min)
FP 1	0	0
FP 2	3818	0

Flight Path: FP 1

0 minutes of yellow glare

0 minutes of green glare

3818 minutes of green glare

Flight Path: FP 2

0 minutes of yellow glare







Results for: PV DOBROSANI 1

Receptor	Green Glare (min)	Yellow Glare (min)
FP 1	0	0
FP 2	2274	0

Flight Path: FP 1

0 minutes of yellow glare

0 minutes of green glare

2274 minutes of green glare

Flight Path: FP 2

0 minutes of yellow glare







Results for: PV DOBROSANI 2

Receptor	Green Glare (min)	Yellow Glare (min)
FP 1	0	0
FP 2	2220	0

Flight Path: FP 1

0 minutes of yellow glare
0 minutes of green glare
2220 minutes of green glare

Flight Path: FP 2

0 minutes of yellow glare







Results for: PV DOBROSANI 3

Receptor	Green Glare (min)	Yellow Glare (min)
FP 1	0	0
FP 2	3244	0

Flight Path: FP 1

0 minutes of yellow glare

0 minutes of green glare

3244 minutes of green glare

Flight Path: FP 2

0 minutes of yellow glare







Assumptions

"Green" glare is glare with low potential to cause an after-image (flash blindness) when observed prior to a typical blink response time.

"Yellow" glare is glare with potential to cause an after-image (flash blindness) when observed prior to a typical blink response time.

Times associated with glare are denoted in Standard time. For Daylight Savings, add one hour.

Glare analyses do not account for physical obstructions between reflectors and receptors. This includes buildings, tree cover and geographic obstructions.

Several calculations utilize the PV array centroid, rather than the actual glare spot location, due to V1 algorithm limitations. This may affect results for large PV footprints. Additional analyses of array sub-sections can provide additional information on expected glare. The subtended source angle (glare spot size) is constrained by the PV array footprint size. Partitioning large arrays into smaller sections will reduce the maximum potential subtended angle, potentially impacting results if actual glare spots are larger than the sub-array size. Additional analyses of the combined area of adjacent sub-arrays can provide more information on potential glare hazards. (See previous point on related limitations.)

Glare locations displayed on receptor plots are approximate. Actual glare-spot locations may differ.

Glare vector plots are simplified representations of analysis data. Actual glare emanations and results may differ.

The glare hazard determination relies on several approximations including observer eye characteristics, angle of view, and typical blink response time. Actual results and glare occurrence may differ.

Hazard zone boundaries shown in the Glare Hazard plot are an approximation and visual aid based on aggregated research data. Actual ocular impact outcomes encompass a continuous, not discrete, spectrum.

5. Заклучоци

Како заклучок од горенаведените анализи може да се види дека не може да се очекува непријатност или опасен отсјај "yellow glare" при слетување на авиони на која било од двете пристапни патеки на спортскиот аеродом Штип.

Врз основа на анализираното сценарио за „најлош случај“, нема потенцијал за отсјај од која било низа на ФВ панели поставени на предметната локација (врз основа на дискутираните и дадените параметри од доставениот проект) доколку изведувачот го реализира проектот согласно пропишаните параметри.

Резултатите ги исполнуваат стандардите на FAA врз основа на фактот дека потенцијалот за отсјај на пристапот од Север е нула, а за пристпот од Југ се очекува вкупно во 18 дена од годината и истиот е во рамките на дозволените параметри (green glare).

6. Прилози

Прилог Бр.1- Лиценца за мерење на аеродроми

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
СКОПЈЕ

REPUBLIC OF MACEDONIA
CIVIL AVIATION AGENCY
SKOPJE

УПИСЕН ЛИСТ

за правни и физички лица за вршење на геодетски мерења во воздухопловството

Број на досие	Уп.бр. 12-25/2017
Регистерска ознака	ГМВ 001
Датум на последен упис	08.02.2017

ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ:

1	Назив на субјектот *(од надлежен регистар)*	ГЕО ВИЛД МАК дооел Скопје
2	Седиште на субјектот *(од надлежен регистар)*	Ул. Борка Талески бр. 51, Скопје, 1000
3	Одговорно лице на субјектот *(име, презиме, занимање – работно место)*	Александар Постоловски, дипл. геод. инг., директор
4	Лице за контакт *(име, презиме, занимање)– работно место)*	Александар Постоловски
5	Контактни информации *(телефон, е-маил, www)*	+ 389 2 3239 374, geowildmak@t-home.mk www.geowildmak.com.mk

ДОКУМЕНТИ:

6 Сертификат за контрола на квалитет *(ISO 9001-2000 или еквивалентен)*

Тип на сертификат	Издаден од
ISO 9001:2015	TUV NORD CERT GmbH

7 Квалификувани геодети *(прилози: ЦВ)*

	Име и презиме	Образование	
		Назив	Документ
1.	Александар Постоловски	дипл. геод. инг.	Диплома, Д-р
2.	Бојан Постоловски	дипл. геод. инг.	Диплома

8 Проект менаџер *(прилози: ЦВ)*

Име и презиме	Образование
Александар Постоловски	дипл. геод. инг., д-р по техн. науки

9 Персонал за вршење на мерења на терен *(име презиме, образование, и аеродром каде вршел мерења)*

1.	Александар Постоловски, дипл. геод. инж. , 5 снимања, а/д Скопје и Охрид
2.	Бојан Постоловски, д-р, дипл. геод. инж. , 5 снимања, а/д Скопје и Охрид

10 Соодветна геодетска опрема *(прилог: технички карактеристики)*

	Назив, ознака, сериски број
1.	GPS Leica GS08plus Serial No: 1857459
2.	CS20 Serial No: 2471883
3.	TS30 0.5" , Total station with EDM/ATR/PS, Ser. No: 361270

11 Професионално осигурително покритие *(најмалку 30.000 EUR)*

Назив на друштвото	Број на полиса	Осигурена сума
Еуролинк АД Скопје	130400000344/00	1.845.000,00 ден

12 Референтна листа *(најмалку едно мерење)*

	Година	Аеродром	Документ број
1.	2011-2015	Александар Велики - Скопје	Потврда од ТАВ бр. 03-ск од 28.03.2016 година
2.	2011-2015	Св. Апостол Павле - Охрид	

Овластено лице

(МП)

ISO 9001:2015
44 100 16430467

Прилог Бр.2- Список на користена литература

1. Hofierka, J.; Kancuk, J. Assessment of photovoltaic potential in urban areas using open-source solar radiation tools. Renew. Energy 2009, 34, 2206–2214.
2. Solar Photovoltaic Glint & Glare Study Aviation Specific (Dublin Airport), Innovision 2019.
3. Kandt, A.; Romero, R. Implementing Solar Technologies at Airports. NREL Report.
4. Airports Master Records and Reports.
5. Barrett, S. Glare Factor: Solar Installations and Airports. Sol. Ind. 2013, 6, 1–4.
6. Federal Aviation Administration (FAA), "Technical Guidance for Evaluating Selected Solar Technologies on Airports". November 2010; Federal Aviation Administration.
7. Rogers, J.A.; Ho, C.K.; Mead, A.; Millan, A.; Beben, M.; Drechsler, G. Evaluation of Glare as a Hazard for General Aviation Pilots on Final Approach. Federal Aviation Administration; Office of Aerspace Medicine: Washington, DC, USA, 2015.
8. Ho, C.; Sims, C. Solar Glare Hazard Analysis Tool (SGHAT) User's Manual v2.0; Sandia National Laboratories: Albuquerque, NM, USA, 23 August 2013.
9. Federal Register, Interim Policy, FAA Review of Solar Energy System Projects on Federally Obligated Airports, A Notice by the Federal Aviation Administration, October 2013.
10. Schletter.us, "Professional Solar Mounting Systems-Ground Mount Systems".
11. National Geodetic Survey (NGS). Obstruction Identification Surfaces Federal Aviation Regulations Part 77.
12. ArcGIS Pro for Desktop, "An overview of the Solar Radiation tools", 2016.
13. Šúri, M.; Hofierka, J. A new GIS-based solar radiation model and its application to photovoltaic assessments. Trans. GIS 2004, 8, 8175–8190.
14. Ho, C.K.; Sims, C.A.; Yellowhair, J.; Bush, E. Solar Glare Hazard Analysis Tool (SGHAT) Technical Reference Manual. 2015.
15. Ruesch, F.; Bohren, A.; Battaglia, M.; Brunold, S. Quantification of Glare from Reflected Sunlight of Solar Installations. Energy Procedia 2016, 91, 997–1004.

3.5 ХИДРОЛОШКА СТУДИЈА

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за животна средина и просторно планирање
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Бр. - Nr 11-6987/2
23.09.2022 год. - viti
Скопје / Shkup

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTMENTI I UJËRAVE

Арх.бр./Nr.Arh. 11-6987/2

Дата/Data: 23 -09- 2022

ДО/DERI TE: ТЕКТОН Дооел - Скопје
Ул. Народен Фронт, бр 5/12, 1000 Скопје

ПРЕДМЕТ/LËNDA: Барање на мислење

Почитувани,
Të nderuar,

Во врска со Вашето барање бр.0302-353/6а од 01.09.2022 година за постапката за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтачни електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416, КО Доброшани Општина Штип, со кој барате мислење на кое растојание по однос на КП 240,КО Доброшани-општина Штип е дозволиво планирање на градба на планираниот опфат Ве известуваме следното:

По увидот во графичкиот прилог и просторната идентификација на планскиот опфат и изработената Хидролошката студија Доброшани,Сушево со тех.бр. ШТ-II-749/22, Август 2022 година. изработена од страна на Хидро-Енерго инжинеринг утврдено е дека дефинираните максимални протекувања од извршените пресметувања изнесува Q50=0.32m3/s, односно 320l/s. Овој проток безбедно поминува низ природното корито на долот со мала длабочина до 15cm и е во рамките на КП 240, култура дол, со што треба да се обезбеди слободен пристап на повремениот водотек од 3-5 метри широчина.

Согласно Законот за води (Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/2016) при изработка на планската документација, потребно е да бидат исполнети следните критериуми од аспект на заштита на водите:

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е, освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општините и советот на градот Скопје на предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

2. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува:

   - да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се загрозува стабилноста на одбранбените регулирани насипи;
   - да се копа земја, да се садат дрвја и грмушки, забиваат колци или да се подигаат огради ако не се во согласност со планот за одржување на водостопанските објекти и постројки;
   - да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади и да се изведуваат активности кои би можеле да го загрозат наменското користење на водостопанските објекти и постројки;
   - да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата на одбранбените насипи;
   - да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 метри од внатрешната страна и 10 метри од надворешната страна на ножицата на насипот;
   - да се фрла отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и сл. со кои се затрупуваат каналите.

3. Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, како и други активности да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно –техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

4. Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

5. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен.

Во графичкиот прилог да се означи линијата од крајбрежен појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираниот водотек согласно Хидролошката студија.

Согласно Законот за води, Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите, како и Дозвола за користење и испуштање во водите под услови и на начин утврдени со закон.

Со почит,
Me respekt,

Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
Директор /Drejtor
Hisen Xhemaili

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изработил/Përpiloi: Снежана Мартулкова
Согласен/Miratoi: Ylber Mirta

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

ХИДРОЛОШКА СТУДИЈА

ДОБРОШАНИ, СУШЕВО

Општина Штип

„Х"

тех. бр.: ШТ-II-749/22

Ivancho Kjaevski

Digitally signed by Ivancho Kjaevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4030008023876, 2.5.4.97=NTRMK-6338569, o=Hidro Energo Inzhenering DOO Skopje, serialNumber=179207, title=Gradezen inzener, sn=Kjaevski, givenName=Ivancho, cn=Ivancho Kjaevski
Date: 2022.08.31 14:27:53 +02'00'

ХИДРО ЕНЕРГО ИНЖЕНЕРИНГ

бул. Видео Смилевски Бато бр.71/1-1 Ново Лисиче
1000 Скопје, Македонија
тел. 02 / 24 54 333
www.hei.com.mk hei@hei.com.mk

Август 2022

тех. бр.: ШТ-II-749/22

ХИДРОЛОШКА СТУДИЈА

ДОБРОШАНИ, СУШЕВО

Општина Штип

„Х“

Управител:

Д-р. Иванчо Ќаевски дипл. град. инж.

Август 2022

Предмет: ХИДРОЛОШКА СТУДИЈА ДОБРОШАНИ, СУШЕВО

Општина: Општина Штип, КО Доброшани

Изработувач: Хидро Енерго Инженеринг ДОО Скопје

Одговорен Проектант: Д-р. Иванчо Ќаевски дипл. град. инж.

Соработници: Гаврило Гавриловски дипл. град. инж.

Место на изработка: Скопје, Македонија

Дата на изработка: 08.2022

Технички број: ШТ-II-749/22

Управител:

Д-р. Иванчо Ќаевски дипл. град. инж.

Август 2022

Содржина

ОПШТ ДЕЛ 6

1.1 Регистрација на трговско друштво 7

1.2 Лиценца за проектирање 7

1.3 Решение за проектирање 9

1.4 Овластување 9

ВОВЕД 11

ХИДРОЛОШКА АНАЛИЗА 12

2.1 Вовед 12

2.2 Дефинирање на максималните протекувања 17

2.3 Интензивни врнежи во регионот 18

2.4 Пресметка на максималните протекувања 19

2.5 Прелиминарна хидрауличка пресметка 20

2.6 Заклучоци и усвоени меродавни големи води 20

СЛИКИ:

Слика 1 Местоположба на Општина Штип и Општина Штип со населени места 11

Слика 2 Ажурирана геодетска подлога 12

Слика 3 Теренски фотографии од долот 13

Слика 4 Катастарска парцела на долот 13

Слика 5 Местоположба на сливот на ортографска карта 14

Слика 6 Сливот преклопен врз топографска карта 14

Слика 7 Сливна површина (Сателитска снимка) 15

Слика 8 Сливна површина (Дигитален висински модел) 15

Слика 9 Сливна површина (Површинска покриеност)..... 16

Слика 10 Сливна површина (Педолошка карта)..... 16

Слика 11 Графички приказ на зависност помеѓу времетраењето и интензитетот на дожд 18

Слика 12 Просечен попречен природен профил на долот.....20

ТАБЕЛИ:

Табела 1 Интензивни врнежи со различно времетраење и веројатност на појава..... 18

Табела 2 Коефициенти на истекување, рационална метода 19

Табела 3 Хидролошка пресметка по рационална метода за слиното подрачје..... 19

Табела 4 Хидрауличка пресметка за усвоениот меродавен проток за природниот дол 20

ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ:

1. Ситуација со почетна и крајна точка на долот опфатен со проектната област 1:5000

ОПШТ ДЕЛ

1.1 Регистрација на трговско друштво

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА лица

Трговски регистар и регистар на други правни

www.crm.com.mk

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 20.07.2021 во 09:50:49
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing CA for e-Seals
Сертификатот е валиден до: 20.04.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

Број: 0818-50/150020210350257
Датум и време: 20.7.2021 г. 09:50:41

/Електронски издаден документ/

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6338569
Назив:	Друштво за проектирање и услуги ХИДРО-ЕНЕРГО ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје
Седиште:	БУЛЕВАР ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ БАТО бр.71-1/1 СКОПЈЕ - АЕРОДРОМ, АЕРОДРОМ

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

1.2 Лиценца за проектирање

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 16 став (2) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16 и 31/16), Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА А
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА

НА

Друштво за проектирање и услуги
ХИДРО-ЕНЕРГО ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

Булевар Јане Сандански бр.76 Скопје-Аеродром, ЕМБС:6338569

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **16.06.2023 година**

Број: **П.094/А**

16.06.2016 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Владо Мисајловски

1.3 Решение за проектирање

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за Градење (Службен весник на РМ бр.59/11), а во врска со изработка на:

ХИДРОЛОШКА СТУДИЈА ДОБРОШАНИ, СУШЕВО

Технички број: ШТ-II-749/22

го донесувам следното:

РЕШЕНИЕ

За **Одговорен проектант** се одредува:

Д-р Иванчо Ќаевски дипл. град. инж.

За **Соработници** се одредуваат:

Гаврило Гавриловски дипл. град. инж.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Д-р. Иванчо Ќаевски дипл. град. инж. со Овластување А за проектирање на градби како одговорен проектант од градежништвото **бр.2.0457** издадено на 31.01.2019 год. со важност до **30.01.2024 год.** се одредува за Одговорен проектант, бидејќи ги исполнува условите од **Законот за Градење.**

Управител:

Д-р. Иванчо Ќаевски дипл. град. инж.

1.4 Овластување

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА
од
ГРАДЕЖНИШТВО
на

д-р ИВАНЧО ЌАЕВСКИ
дипломиран градежен инженер

Овластувањето е со важност до: 30.01.2024 год.

Број: **2.0457**

Издадено на: 31.01.2019 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

ВОВЕД

Општината Штип се наоѓа во средното сливно подрачје на реката Брегалница, во центарот на Источна Македонија. Има површина од 810 км^2. Подрачјето претежно е со планинска и ридска местоположба, со исклучок на Кочанската, Овчеполската и Лакавичката Котлина со долините на реките Брегалница и Крива Лакавица. Просечната висинска разлика, помеѓу планинските сртови и рамнинските предели по течењата на реките, изнесува 1 300, а средната надморска висина е 250 метри. Општина Штип се граничи со седум општини и тоа: Радовиш, Конче, Неготино, Градско, Лозово, Свети Николе и Карбинци, со добра местоположба и патна поврзаност.



Слика 1 Местоположба на Општина Штип (лево) и Општина Штип со населени места (десно), со црвено е обележана локацијата на проектната област, односно сливот

Општината се одликува со претежно планински и ридски релјеф, како и умерено-континентална клима, со одредено влијание на изменета средоземна клима. Просечната годишна температура изнесува 12,9 целзиусови степени, а највисоки температури се измерени во август, додека најниски во јануари.

Според пописот одржан во 2021 година во Општина Штип вкупното резидентно население изнесува 44 866. Од кои 34 752 Македонци, 2 301 Роми, 1 584 Власи, 1 334 Турци и останати.

2.1 Вовед

За потребите на оваа техничка документација, изработена е хидролошка анализа за дефинирање на максималните истекувања во сливот опфатен со проектната област. Доставената ажурирана геодетска подлога, соодветно беше преклопена односно георефернцирана на сите потребни подлоги.



Слика 2 Ажурирана геодетска подлога

За време на теренската проспекција во северно западниот дел од проектната област е забележана мала природна депресија која оформува дол. Ова е забележано и фотографирано. Во долот се забележува и ниско жбунеста вегетација која укажува на привремено присуство на вода, односно привремено отекување. Ова укажува на тоа дека се работи за суводолица. Фотографиите се дадени во продолжение.

Слика 3 Теренски фотографии од долот

Дополнително се извадени информации за катастарската парцела на која се наоѓа долот и истата го потврдува дека се работи за дол.



Имотен лист	Број/дел	Култура	Површина м2	Место
9	240	д Долови Природни неплодни земјишта	14052	БАЈРАМ ТАРЛА

Слика 4 Катастарска парцела на долот

Потоа е определено сливното подрачје на долот. Ова сливно подрачје е со мала површина и во најгорниот дел од целокупниот дол, дел во кој се оформува отекувањето. Отекување се јавува при краткотрајни интензивни врнежи и токму поради тоа се работи за привремен водотек.

Слика 5 Местоположба на сливот на ортографска карта

Сливното подрачје се простира на Дебел рид на местото викано Корија. Истото е во непосредна близина на с.Сушево и се развива кон с.Доброшани. Се наоѓа во КО Доброшани. Највисока точка на сливот е 500mNv, а најниска 383mNv со просечен наклон од 0.09 m/m и должина од 1.28km.



Слика 6 Сливот преклопен врз топографска карта

На сликите во продолжение се прикажани карти на сливната површина на сливот, соодветно на сателитска снимка, дигитален висински модел како и подлога од површинската покриеност и педолошка карта. Од нив се извадени сите карактеристики за хидролошката анализа.



Слика 7 Сливна површина (Сателитска снимка)



Слика 8 Сливна површина (Дигитален висински модел)



Слика 9 Сливна површина (Површинска покриеност)



Слика 10 Сливна површина (Педолошка карта)

2.2 Дефинирање на максималните протекувања

Целта на пресметките на големите води е дефинирање на максималната ордината на хидрограмот на истекување и неговиот облик. За пресметка на максималното истекување од мали сливови во светот и кај нас постојат голем број на методи. Самото тоа докажува дека не постои еднозначно дефинирана процедура за пресметка. Сите постојни методи и нивните параметри се изведени за одредени подрачја во светот и со голема точност може да се користат во тие подрачја. Методите исто така се условени од расположивите податоци и параметри.

Конкретно во овој случај се работи за слив со мала припадна површина, помала од 10km^2 и никакви останати мерени хидролошки податоци освен податоци за интензивниот дожд од локална дождомерна станица. Поради тоа за дефинирање на максималните истекувања избрана е рационалната метода. Истата е развиена од страна на Куичлинг во 1889 и се базираат на трансформацијата на врнежите во истекување. Претставува основа за проектирање на повеќе типови мали градби, канали, пропусти, канализациони системи итн. Оваа метода е објаснета во повеќето стандардни прирачници.

Користењето на рационалната метода се базира на едноставна формула која е поврзана со потенцијалот на генерирање на истекувања на сливната површина, просечниот интензитет на дожд за одредено време (времето на концентрација) и површината на сливот.

$$Q=C_u\, C\, i\, A$$

Каде:

Q – Максимален проток

C_u – Коефициента за трансформација на единиците

C – Бездимензионален коефициент на истекување

i – Интензитет на дож

A – Сливна површина

$$Q=0.278\, C\, i\, A$$

2.3 Интензивни врнежи во регионот

Интензивните врнежи се оние врнежи кои паѓаат на мали површини, траат кратко време и имаат голема јачина. Самата појава на интензивните врнежи е случајна и непредвидлива како по простор така и по време. Нивното траење може да биде од неколку минути до повеќе од 120 часови.

Како меродавна дождомерна станица се користи станицата во Штип чии податоци беа дополнети. Целокупните податоци се преземени од книгата "Интензивни врнежи во Република Македонија", која користи низа од 35 години и ја користи Гумбеловата двопараметарска функција за дефинирање на интензивните врнежи со различно времетраење и различен повратен период. Во продолжение е дадена табела со интензивни врнежи за период од 1951 до 2015 година. Бидејќи се работи за слив надвор од урбано подрачје, како меродавен дожд е земен оној со веројатност на појава од 2% , односно еднаш во 50 години.

	P(%)	5	10	20	40	60	90	150	300	720	1440	Штип 24h
2	50%	6.0	9.9	13.4	15.2	15.5	17.1	18.8	21.2	24.8	40.3	35.7
5	20%	7.9	12.9	17.6	19.9	20.3	21.4	22.8	25.2	30.5	51.2	44.7
10	10%	9.2	14.8	20.3	23.0	23.6	24.3	25.5	27.8	34.3	58.4	50.7
25	4%	10.9	17.3	23.8	27.0	27.6	27.9	28.9	31.0	39.1	67.6	58.3
50	2%	12.1	19.2	26.4	29.9	30.6	30.5	31.5	33.5	42.7	74.4	63.9
100	1%	13.3	21.0	28.9	32.8	33.6	33.2	34.0	35.9	46.2	81.1	69.5
1000	0.1%	17.3	27.0	37.4	42.5	43.5	41.9	42.2	43.9	57.9	103.3	87.9
10000	0.01%	21.3	33.0	45.8	52.1	53.3	50.6	50.5	51.9	69.5	125.5	106.2

Табела 1 Интензивни врнежи со различно времетраење и веројатност на појава Д.С. Штип



Слика 11 Графички приказ на зависност помеѓу времетраењето и интензитетот на дожд

2.4 Пресметка на максималните протекувања

Со претходно дефинираните податоци за сливот и усвоената веројатност на дожд со помош на усвоената методоа за пресметка направена е хидролошка пресметка за максималните протекувања и истите се дадени во продолжение.

Покривност	Коеф. истекување, c
Тревници	0.05 - 0.35
Шуми	0.05 - 0.25
Обработлива површина	0.08 - 0.41
Пасишта	0.1 - 0.5
Паркови	0.1 - 0.25
Непропусни површини	0.1 - 0.3
Урбани средини	0.3 - 0.75
Покриви	0.75 - 0.95
Бетонски улици	0.7 - 0.95

Табела 2 Коефициенти на истекување, рационална метода

Сливна површина			
Параметри:			
-Површина	A=	0.38	km²
-Коеф. истекување	C=	0.130	
-Интензитет на дожд	i=	23.30	mm/h
-Должина на водотек	L	1.28	km
-Просечен пад на сливот	S	0.09	m/m
-Коеф. рапавина	n	0.040	
Време на концентрација			
-Керби	tc=	15.78	min
-Кирпих	tc=	12.04	min
-NRCS	tc=	12.03	min
-Јарослав Черни	tc=	18.89	min
	Av.	14.68	min
	Q_{50}=	0.32	m³/s
	Q_{50}=	319.96	l/s

Табела 3 Хидролошка пресметка по рационална метода за слиното подрачје

2.5 Прелиминарна хидрауличка пресметка

Дополнително е направена прелиминарна хидрауличка пресметка за просечниот пресек на долот со усвоениот проток.



Слика 12 Просечен попречен природен профил на долот

Roughness Coefficient:	0.040	...
Channel Slope:	0.09000	m/m
Normal Depth:	0.13	m
Left Side Slope:	1.50	m/m (H:V)
Right Side Slope:	1.50	m/m (H:V)
Bottom Width:	1.20	m
Discharge:	0.32	m³/s

Табела 4 Хидрауличка пресметка за усвоениот меродавен проток за природниот дол

Хидрауличката пресметка укажува на безбедно пропуштање на 50 годишниот проток во природното корито на долото со длабочина до 15cm во долот.

2.6 Заклучоци и усвоени меродавни големи води

Согласно законската регулативата и водостопанската основа, како меродавна вода се усвојува големата вода со повратен период од 50 години.

Анализираниот и усвоениот резултат од извршените пресметувања изнесува $Q_{50}=0.32m^3/s$, односно 320l/s. Овој проток безбедно поминува низ природното корито на долот со мала длабочина до 15cm.



Хидро Енерго Инженеринг ДОО Скопје	Проектант: Д-р. Иванчо Ќаевски дипл. град. инж.	Цртеж:Ситуација со почетна и крајна точка на долот опфатен со проектната област		ШТ-II-749/22
Проект: Хидролошка студија Доброшани, Сушево	Ниво:Студија	Цртеж број: 1	Размер:1:5000	08.2022

ХИДРО ЕНЕРГО ИНЖЕНЕРИНГ

бул. Видео Смилевски Бато бр.71/1-1 Ново Лисиче
1000 Скопје, Македонија
тел. 02 / 24 54 333
www.hei.com.mk hei@hei.com.mk

Август 2022

3.6 ПОДАТОЦИ ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И СУБЈЕКТИ СО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА

АД Водостопанство на РСМ - Скопје
SHA Ekonomia e Ujërave të RMV-Shkup

ул. 3 - та Македонска бригада 1 бр.10 а Скопје тел. 02/5116-401;02/5116-402
rr. Brigada e 3- të Maqedonase 1 nr. 10 a Shkup tel. 02/5116-401; 02/5116-402
jpvodostopanstvo@yahoo.com / advodostopanstvo_rm@hotmail.com

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост
Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore
Бр.-Nr. 11-1775/2
18.07 2022 год./viti
Skonje/Shkup

ДО: Тектон ДООЕЛ - Скопје
ул:"Народен Фронт" бр. 5/12, 1000 Скопје

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. 0302/353/8 од 06.07 2022 и наш бр. 1775 од 07.07.2022

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,
Во врска со вашето барање со Ваш бр. 0302/353/8 од 06.07 2022 и наш бр. 1775 од 07.07.2022 за издавање на податоци и информации за постоечки и планирани објекти кои се во надлежност на АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, а имаат влијание во постапката за изработка и одобрување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани – Општина Штип

Ве известуваме:
АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, во границите на планскиот опфат за изработка и одобрување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани – Општина Штип, **нема свои објекти и инфраструкутра**.

Со Почит,

Изработил: Мирјана Чемкова
Контролирал/ Одобрил:
Коста Малзарков

АД „Водостопанство на РСМ" – Скопје
SHA „Ekonomia e Ujërave të RMV" - Shkup
Главен извршен директор
Drejtor Gjeneral Ekzekutiv
Llokman Limani

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост
Skonje Shkup
Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore

Ј П "И С А Р"
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ - ШТИП, МАКЕДОНИЈА

Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи
"ИСАР" п.о
Бр. 15-158
18-05 2022 год.
ШТИП

До
"ТЕКТОН" ДООЕЛ Скопје
ул. "Народен фронт" бр.5/1 Штип

Врска : Ваш бр.0302/353/3 од 11.05.2022 год.

ПРЕДМЕТ : **Информација за подземен катастар - водовод и канализација**

Во врска со Вашето барање на податоци и информации добиено преку информацискиот систем за е-урбанизам каде барате податоци за постоечки и планирани подземните инсталации водовод и канализација а кои Ви се потребни за изработка на " **УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е 1.13 – ПОВРШИНСКА СОЛАРНА И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НА КП 248/1 , 250 , 242 , 243 , ,246 , ,247 , 249 , 249 , 254 , 255 , 256 И ДЕЛ ОД КП 416 КО ДОБРОШАНИ , ОПШТИНА ШТИП** ", ЈП "ИСАР" Штип го дава следното :

М И С Л Е Њ Е

Во овој плански опфат ЈП "ИСАР" Штип нема постоечки и планирани инсталации на водовод и фекална канализација на град Штип .

Доколку објектот има потреба од водоснабдувањето и одведување на отпадни води инвеститорот треба да си ги реши со сопствената градежна парцела со бушен експлоатационен бунар и септичка јама .

ЈП " Исар " Штип дава мислење дека во овој плански опфат може да се планира без посебни ограничувања , бидејќи во предвидениот опфат нема комунални подземни инсталации .

Ова Информација има важност 6 месеци од денот на издавањето .

17.05.2022 год.

РЕ " Сектор за стратешко планирање и развој "
ИЗРАБОТИЛ :
дипл.град.инж. Валери Симов

ЈП " Исар " Штип
в.д.директор
Трајче Здравков

Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи "ИСАР" п.о. Штип

УЛ."Г.М.АПОСТОЛСКИ" БР.37 - 2000 ШТИП,
тел.++389 32 391-125, факс ++389 32 392-671
e-mail: jpisar@mt.net.mk

ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

Бр: 08-3054/1
Скопје, 19-05-2022

До: **ТЕКТОН ДООЕЛ-Скопје,**
Архитектура и урбанизам
ул. Народен фронт бр. 5/12
1000 Скопје

Предмет: Известување за Барање на податоци и информации за постојни и планирани инсталациски водови и објекти сопственост на АД ЕСМ

Почитувани,

Согласно Вашиот допис број 0302/353/3 од 11.05.2022година (број на постапка во Е-Урбанизам 43060), испратен по електронски пат, а во врска со изработување и одобрување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани-општина Штип, Ве известуваме дека на предметниот плански опфат АД ЕСМ нема постојни и планирани инсталации и објекти, односно не располага со било какви податоци и информации за тој плански опфат.

Со почит,

Изработил: Маја Ангеловска, Бранко Панчевски, Александар Стоилков
Одобрил: Звонко Кушоски, Влатко Павлески

ДИРЕКТОР
ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИИ
дипл. ел. инж. Благој Гајдарџиски

Ко:
- Архива
- Сектор за развој и инвестиции

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕЛС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

ТЕКТОН ДООЕЛ

ул. Народен фронт бр. 5/12

Скопје

Бр.11-2766/1

16.05.2022

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр.0302/353/3 од 11.05.2022 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 12.05.2022 година со број на постапка 43060 (наш број 11-2766 од 13.05.2022 година) за податоци и информации потребни за изработување и одобрување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, КП 250, КП 242, КП 243, КП 246, КП 247, КП 249, КП 254, КП 255, КП 256 и дел од КП 416, КО Доброшани во Општина Штип, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Јасмина Ставрова

Makedonski Telekom CA, ELI POPOVSKA

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, ELI POPOVSKA
Date: 2022.05.17 08:03:52 +02'00'

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
10-26/3-222 од 23.05.2022
Скопје

Одговорно лице: Мартин Јанковски

Контакт телефон: 072 933 420

e-mail: martin.jankovski@evn.mk

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 0302/353/3 од 11.05.2022 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани - општина Штип, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☒ Друго На предметната локација НЕМА наши ел.енергетски инсталации

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

Македонски Телеком АД - Скопје
Кеј 13 Ноември бр.6, 1000 Скопје

Бр: 43060
Дата: 19.07.2022

До
Тектон ДООЕЛ Скопје
Ул. Народен Фронт бр. 5/12, 1000 Скопје

Ваше упатување: Барање на податоци и информации

Наше контакт лице: Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон: +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со: Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,
Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани – општина Штип, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

Наш број: 1404-1522/2
Скопје: 26 .05 .2022 г.

До
ТЕКТОН-ДООЕЛ - СКОПЈЕ
Ул.„Народен Фронт “ , бр.5/12
1000 СКОПЈЕ

Предмет: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
Врска: Ваше барање бр 0302/353/3 од 11. 05.2022г. преку е-урбанизам

Почитувани,

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи а во врска со изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КП Доброшани - општина Штип, према доставената ситуација, ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Со почит,
Сектор за телекомуникации

Изработил: С. Јовевска 13.05.2022 С Јовевска
Раководител на сектор
Д-р Борис Арсов
Советник на Директорот
Игор Бојаџиев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

www.aek.mk
ул.Кеј Димитар Влахов 21
1000 Скопје
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост

бул. Климент Охридски бр.58 б, Скопје
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ЕМБС: 6664903

До:
ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје

Бр.-No. 15-1760/2
16.05.2022 год.vitë
Скопје-Shkup

Предмет: Одговор на барање

Врска: Барање за податоци и информации, со ваш бр. 0302/353/3 од 11.05.2022 г.

Согласно вашето Барање за податоци и информации, за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани - општина Штип, со ваш бр. 0302/353/3 од 11.05.2022 година,

НЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

Со почит,

Изработил:
Александар Апостолоски
1815

НЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем

Оливера Костанчева

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
ГА-МА
Бр. 0308-1178/2
31 -05- 2022 20 год.
СКОПЈЕ

ТЕКТОН дооел - Скопје

Предмет: Податоци и информации

Врска: Врска: Бр. 0302/353/3 од 11.05.2022 год.

Во врска со Вашето барање податоци и информации за изработување и одобрување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242,243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани – Општина Штип, Ве известуваме дека на предвидениот плански опфат нема изведен и планиран гасовод.

Скопје, 30.05.2022 год.

ГА-МА АД Скопје
Одделение за Е-одобрение за градба
и Е-урбанизам
Раководител:
Галабинка Христовска

ГА-МА АД Скопје
Одделение за геодетски работи
и согласности
Раководител:
Сашко Петрески

Бр/Nr. 10-4864/2

18 -05- 2022

Скопје/Shkup_____година/viti

ДО ТЕКТОН дооел
ул. Народен фронт бр. 5/12
1000 Скопје

Предмет:Податоци и информаци

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 0302/353/3 од 11.05.2022 год. за добивање податоци и информации за постојни и планирани инфраструктурни водови и градби потребни за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416, КО Доброшани-општина Штип, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, ги разгледа пристигнатите прилози, заверени со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-4864/1 од 12.05.2022 година:

- Ажурирана геодетска подлога со проектен опфат и
- Прегледна карта со проектен опфат.

Од доставените и разгледани прилози констатирано е дека предметниот проектен опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Зоран Велков
Одобрил: d-r Ejup Latifi

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија-Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut-Shkup
Бр./Nr. 2001-2274/2
17-05-2022 20 год./vit
Skopje-Shkup

До
ТЕКТОН ДООЕЛ
Ул.Народен Фронт бр.5/12
Скопје

Предмет: Одговор на барање

Во врска со Вашето барање со Број: 0302/353/3 од 11.05.2022год., Број на постапка: 43060 Е-Урбанизам, со кое барате податоци и информации потребни за изработување и одобрување на **Урбанистички план за подрачје и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416, КО Доброшани - Општина Штип**, Ве известуваме за следното:

По разгледување на Вашето барање и доставената Ажурирана геодетска подлога со пректен опфат, констатиравме дека посочениот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга и во истиот нема постојни и планирани инсталации и објекти сопственост на ЈПЖРСМ – Инфраструктура Скопје.

Со почит,

Пом.Директор за пруги

Rusi Driton

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура на Република Северна Македонија - Скопје Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore

Изработил: М.Даниловска
Согласен: М.Тилиќ дги

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

До: **ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје**

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 0302/353/3 од 11.05.2022 година
(e-urbanizam, постапка бр. 43060)

бр. 12-8/457

Скопје, 13.05.2022 година

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, Ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани - општина Штип

при што утврдија дека проектниот/планскиот опфат се наоѓа **во зона** на спортскиот аеродром ШТИП, во т.н. конусна рамнина за ограничување на препреки, со елевација од 355-410мнв, односно на 2.433м западно/југозападно од референтната точка на аеродромот и **истиот претставува препрека во воздухопловството** согласно член 4 став 1, точка 66-а и член 68 став (1) од Законот за воздухопловство *(“Службен весник на РМ” бр. 48/2020 – пречистен текст)*, за што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Врз основа на горе наведеното ве известуваме дека изградбата на предметниот објект **може да се планира со одредени услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај**, поради што потребно е проектната документација, пред усвојување, да ја доставите до Агенцијата за цивилно воздухопловство со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Имајќи во предвид дека со планот се предвидува поставување на фото – напонски панели за фотоволтаична централа, со претходно наведеното барање, потребно е да доставите и соодветна **Анализа – Студија за влијанието на фото - напонските панели на безбедноста на воздушниот сообраќај на аеродромот од аспект на одсјај и можно “заслепување“ на пилотите при завршните операции за слетување**.

Синтезниот план да се достави и во електронска верзија во *.dwg формат / AutoCAD 2011 или постара верзија и во прилог да има и котиран карактеристичен пресек на објектот / објектите, со приказ на надморската височина на кота +/- 0.00.

Образецот на барањето, со потребната документација, е даден на следниот линк: http://www.caa.gov.mk/media/1444/baranje-za-izdavanje-na-soglasnost-so-uslovi-za-gradba-04092015.pdf.

Со барањето исто така потребно е да ги доставите и следните докази:

- Доказ за уплатени средства во износ од 250,00 денари за административна такса:
  - Цел на дознака: административна такса
  - Назив и седиште на примач: трезорска сметка
  - Банка на примач: НБРМ
  - Уплатна сметка: 840 ххх 03161 (ххх – број на општината)
  - Приходна шифра и програма: 722313
- Доказ за уплатени средства во износ од 500€ во денарска противвредност по средниот курс на НБ на РМ на денот на уплатата, согласно член 20, став 1, алинеја 4, од *Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците на Агенцијата за цивилно воздухопловство* бр. 02-260/3 од 11.03.2021 година:
  - Цел на дознака: *Издавање на согласност со услови за градба*
  - Назив и седиште на примач: *Агенција за цивилно воздухопловство*
  - Банка на примач: *НЛБ Тутунска банка*
  - Трансакциска сметка: *210066486490175*

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Душан Попчевалиев
(по овластување од Директорот бр.02-86/1 од 25.01.2022 година)

Република Северна Македонија

Министерство за култура

УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Бр. 17 – 1303/2
20.05.2022 година
Скопје

ДО

ТЕКТОН ДООЕЛ

ул. „Народен фронт“ бр. 5/12

1000 Скопје

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше барање бр.0302/353/3 од 11.05.2022 година.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за постоење на културно наследство за изработка и одобрување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр.248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани – општина Штип, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Со почит,

в.д. Директор,

Арјан Асланај

Изработил: З. Тодоровски

Одобрил: м-р Б. Јовановска

Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage

ул. „Павел Шатев “ бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

Влада на Република Северна Македонија
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ –
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение за Заштита и Спасување-Штип

12.05.2022г.

Архивски број: 09-87/2

До:,,Тектон,,дооел-Скопје

Предмет: Податоци,информација,услови,доставува;

Врска Ваш акт бр.0302/353/3 од 11.05.2022г.

Согласно чл. 32став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање и задолжувањето од Директорот на ДЗС 02-2731/1од 19.11.2020 година, Одделението за издавање на урбанистичка согласност при Секторот за превенција, планирање и развој во Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение за ЗиС-Штип,информира:

Почитувани,

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за изработка на **,,Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1,250,242,246,247,249,255,256 и дел од КП 416,КО Доброшани,,**Општина Штип**.**

Исто така, во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат во изработката на изработка на**,,Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1,250,242,246,247,249,255,256 и дел од КП 416,КО Доброшани,,**Општина Штип**.**

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение - Штип

ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија

+032-391-381
075-457-537
Stip@.dzs.gov.m

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.
Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04 и 86/08),и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение -Штип

ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија

+032-391-381
075-457-537
Stip@.dzs.gov.m

Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСЛ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

Наведените претходни услови треба да се вградат во изработка на**,,Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1,250,242,246,247,249,255,256 и дел од КП 416,КО Доброшани,,**Општина Штип**.**

Или Откако ќе ги разработите и вградите условите за заштита и спасување во Урбанистичката документација во изработка на**,,Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/1,250,242,246,247,249,255,256 и дел од КП 416,КО Доброшани,,**Општина Штип,да ја доставите до Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение за ЗиС-Штип, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување.

Подрачно Одделение за Заштита и Спасување-Штип
Овластено лице
Перикли Лазаров

Подготвил:
Предал:
Прегледал:

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оператива и Логистика
Подрачно одделение -Штип
ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија
+032-391-381
075-457-537
Stip@.dzs.gov.m

22.07. 2022

АРХИВСКИ БРОЈ: 40 - 7064 / 4

ДО: „ТЕКТОН“ ДООЕЛ - Скопје

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање податоци и информации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање со Ваш Бр. Бр.0302/353/9 од 06.07.2022 година, Ве информираме за следново:

- Катастарските парцели 242, 243, 247, 249, 255 и 256 НЕ СЕ ДАДЕНИ ПОД ЗАКУП;
- Катастарските парцели 248/1 и 250 се ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ;
- Катастарските парцели 246 и 254 се ПАСИШТА. За информација, дали овие КП (не) се дадени под закуп, треба да се обратите до ЈП за стопанисување со пасишта;
- Катастарската парцела 416 е НЕКАТЕГОРИЗИРАН ПАТ и истата не е во надлежност на министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Прилог: Одговор од ПЕ Штип со Арх.бр. 56-402/2 од 18.07.2022 година.

Со почит,

Раководител на сектор,
Жанета Ѓорѓиевска

Изработил: Борче Лозановски
Контролирал: Аднан Алиу

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

- ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА ШТИП -

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
SKOPJE - SHKUP

Примено: Pranuar:	19.7.2022		
Орг. единица Nj. Organizative	Број Numri	Прилог Shtojca	Вредност Vlera
	40-7064/3		

18.07.2020

АРХИВСКИ БРОЈ: 56-402/2

